# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## ОД ЈАВНАТА РАСПРАВА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ, ОДРЖАНА НА 04. 09. 2009 ГОДИНА

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала Борис Трајковски со почеток во 11,08 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска претседател на Советот за евроинтеграции.

**Радмила Шекеринска:**

Предлагам да почнеме.

Денешната јавна расправа ја организираме по еден од законите кој уште во текот на мината година беше спомнато дека е закон кој ќе бара поголеми консултации, не само со заинтересираните, туку и токму со членовите на Националниот совет кој доаѓаат од делот на бизнисот и делот од синдикатите.

Плановите што ги правевме на почетокот на годината беше оваа јавна расправа да ја организираме по принципот на оние први две јавни расправи кои, во соработка, значи како партнери со синдикатите и коморите, меѓутоа Законот за работни односи влезе во процедура во Собранието, го немавме како работна верзија, така што сметавме дека битно е да бидеме брзи и ефикасни, да бидеме на време, а ова второто падна во втор план, меѓутоа ме радува дека гледам тука се и претставниците во Националниот совет за евроинтеграции кои можеби се најповикани да дискутираат на оваа тема.

Законот за работни односи веќе започна да се разгледува во собраниската процедура, веќе беа свикани соодветните матични комисии, следната недела ќе биде на пленарна седница во прво читање, што значи постои можност, доколку има расположение од страна на Собранието и од страна на Владата и до колку се слушнат квалитетни предлози на оваа јавна расправа, да се влијае на текстот, што мислам дека ја прави оваа денешна расправа позначајна и претставува можност да се подобри текстот и јавните расправи да не се сметаат само како на дебатен клуб, туку како шанса да се разгледа аргумент.

За жал, денес со нас на јавната расправа, за прв пат немаме ниту министер, ниту заменик министер од Министерството за труд и социјална политика и мислам дека тоа на некој начин е хендикеп, земајќи предвид дека сепак министрите, замениците министри се оние кои можат во име на Владата да превземат некои обврски или да пренесат соодветни пораки, но сме му многу благодарани на господинот Стојан Трајанов кој е, претпоставувам државен советник во Министерството за труд и социјална политика и кој ќе ја отвори денешната јавна расправа со основни образложенија за Законот за работни односи.

Поучена од искуството од минатиот пат, господине Трајанов да ве информирам дека сите учесници, заедно со поканата го добиваат и текстот на Законот за работни односи. Значи штом дошле знаат и се заинтересирани, претпоставувам ја прочитале содржината. Мислам дека е најважно да кажете она што го прави законот битен за донесување, која е потребата, кои се главните елементи, понатаму во текот на дискусијата, се разбира, може повторно да се вклучите во дебатата, да одговорите на некои прашања или да размените аргументи.

Јас ќе дадам збор на оние кои се пријавени. Како што можете да забелешките пред вас стојат пријавите за дискусија. Јас веќе имам 4 пријави, така што сите оние што сакаат да дискутираат, ве молам да се пријавите. Сега за сега, бидејќи нема многу пријавени, јас ќе бидам полиберална, да не бидат предолги дискусијата, сега за сега нема потреба од пет минутно ограничување што го имавме минатиот пат.

Повелете господине Трајанов.

**Стојан Трајанов:**

Почитувана претседателке, почитувани дами и господа, учесници на денешната средба.

Како што беше напоменато на почетокот од страна на претседателката, денес ќе се разговара за предлогот за измени и дополнување на Законот за работни односи кои вие веќе го имате добиено, како што беше истакнато и имавте прилика да се запознаете со неговата содржина.

Со оглед на тоа што се работи за прво читање на законот, јас повеќе ќе се осврнам на основните причини на потребата од донесување на законот, а во тој контекст и на одделните решенија кои се содржани во рамките на законот. Имено, постојат неколку причини кои се повод за измена и

дополнување на законот, а јас би рекол во основа се две главни причини за изменување и дополнување на законот. Тоа е потребата од негова хармонизација, соодветно на досегашните препораки што беа давани од страна на меѓународните организации на трудот, од страна на Европската комисија, во рамките на извештаите на Предлогот и другите средби што сме ги имале со другите претставници на Директоратот на Европската комисија.

Втората причина за измени односно делот од одредбите каде се вршат измени се со цел да се изврши хармонизација со Директивата за некои аспекти на работното време. Тоа е само еден дел, односно една мала конкретна обврска поврзана со обврските за хармонизација на трудовото законодавство, бидејќи како што е познато уште кога се донесе Законот за работни односи беа имплементирани само неколку директиви на Европската унија, а поголем дел од препораките на Меѓународната организација на трудот. Во меѓувреме исто така беа усвојувани и нови директиви, или беа правени ревидирања на одделни директиви кои се поврзани со трудовото законодавство во рамки на  Законот за работни односи и остана нашата обврска да продолжиме со нашите активности во врска со хармонизацијата, во насока на обезбедување на целосна хармонизација на трудовото законодавство со сите директиви на Европската унија.

Со цел овој процес да биде поинтезивен, со цел да обезбедува што е можно побрза и поквалитетна хармонизација на трудовото законодавство, во изминатите години имавме една многу интезивна соработка, поддршка и помош како од страна на Меѓународната организација на тудот, така и од страна на Европската комисија, со желба и од нивна страна таа соработка да продолжи и во наредниот период во рамките на процесот на хармонизација, но и понатаму, од аспект на имплементацијата на истите во практиката. Токму во тој контекс, покрај оние работилници и средби што ги имавме до сега, од пред еден месец Меѓународната огранизација на тудот отвори посебна канцаларија во Република Македонија со цел да го следи процесот и она што значи поддршка и помош од нивна страна и во рамките на нивните надлежности.

Исто така познато е дека и досега во неколку наврати Европската комисија имаше конкретни препораки кои беа директно поврзани со трудовото законодавство, посебно со Законот за работни односи. Една од тие препораки беше да се забрзаат активностите на промена на регулативата од областа на трудот, пред се на Законот за работни односи во насока да се

развие социјалниот дијалог на сите три нивоа, двопартитен, трипартитен и на локално ниво за паралелно да се гради и унапредува процесот. Но, исто така договорен е посебен проект со Меѓународната огранизација на тудот и со Австриската агенција за развој што треба да се имплементира во наредните три години и во кои се дефинирани конкретни обврски за сите социјални партнери во рамките на проектната задача содржани во проектот.

Овој процес го започнавме. Активностите беа во насока да се направи еден целосен преглед и анализа на нашето законодавство, да се компарира истото со законодавството на Европската унија, да се започнат подготовките околу подготовката на националната легислатива и паралелно да се остваруваат и другите активности во насока на развој, јакнење, воспоставување на капацитети и за нивна наредна имплементација.

Јас би спомнал тоа дека во 2007 година, во месец април имавме посебна организирана конференција со поддршка на Меѓународната организација на трудот во која беа вклучени сите асоцијации и на синдикати и на работодавачи, за кој детално се правеше анализа на меѓународната регулатива и сите конвенции поврзани со прашањата поврзани со областа на трудот. Беа правени односно презентирани компаративните искуства од регулативата на другите земји конкретно поврзани со социјалниот дијалог на национално ниво и на локално ниво се со цел да се забрза процесот на усогласување на нашето законодавство и да се дефинира нов модел за утврдување на критериуми на репрезентативност.

Во интерес на времето само на кратко ќе кажам кои беа оценките и констатациите и на Меѓународната огранизација на трудот и на Европската комисија.

Беше укажано дека сегашната регулатива не е целосна и конкретна, недоволен е бројот на критериуми врз основа на кои се утврдува репрезентативност и на асоцијација на работодавци и на синдикатите и не е конкретно и јасно разработена постапката за начинот на утврдување на репрезентативност. Токму од овие причини, на овие средби на кои присуствуваа и претставници што се присутни денес на средбата, подетално беа информирани со моделите на репрезентативност на овие земји со цел да изградиме наш модел кој од една страна ќе кореспондира со меѓународната регулатива и со искуствата и моделите на другите земји и ќе биде прилагоден на нашите услови, можности и состојби. После тие три конференции што ги

одржавме имавме посебни средби со претставниците на сите регистрирани синдикати и работодавци кај нас во Република Македонија каде дискутиравме околу утврдувањето на моделот со цел да се направи една драф верзија на еден драфт модел кој подетално ќе биде дискутиран. Исто времено текстот на првата драф верзија на законот кога беше подготвена, беше доставен на коментари и до Европската комисија и до Меѓународната ограницазија на трудот. До сега немаме забелешки ниту од страна на Меѓународната огранизација на тудот, ниту имаме конкретни коментари од страна на Брисел, на Европската комисија, бидејќи во меѓувреме ние, во рамки на твининг проектот што го имавме, за кој подоцна ќе кажам исто така неколку збора. Значи направивме кореснодентни табели на сите директиви кои се поврзани и со Законот за работни односи и за останатите неколку закони од областа на трудот. Ги доставивме тие табели до Брисел и очекуваме нивни коментари.

Евентуално ако има некои коментари врзани со оваа Директива за која денес разговараме и е опфатена со измените на Законот за работни односи на кој тие досега немаат конкретни забелешки, бидејќи ние ја користевме можноста за техничка помош што ни се даваше во рамки на твининг проектот и на овој текст, да ги добиеме коменарите од експертите кои беа ангажирани од страна на Словачкото министерство за труд, со цел побрзо да си го оствариме процесот на нејзино трансформирање во нашето законодавство.

Истовремено, во рамките на твининг проектот кој завршува сега на 14 септември каде ќе го имаме збирниот извештај по однос на сите директиви, за сите 4 закони кои беа предмет на оценка и анализа, беа оставени неколку вида на активности. Во првата група на активности, од страна на експертите кои беа ангажирани од страна на Словачкото министерство, се направи оценка и анализа, прво беше презентирана целата регулатива на Европската комисија и на Меѓународната огранизација на трудот кое е поврзано со трудовото законодавство.

Во вториот дел на активности во кој беа учени сите претставници на социјалните партнери, во петте групи кои беа формирани, во одделни закони исто така се направија кореснодентни табели и во кореснодентните табели беа детектирани правците, прашањата и насоките во кои треба да се движи процесот на усогласување на законодавството.

Во рамките на овој проект, во текот на збирниот извештај ќе биде презентирана и временската рамка каде ќе продолжи натамошниот процес на

хармонизација на трудовото законодавство затоа што знаеме дека и од тој процес на хармонизација произлегуваат одредени нови дополнителни и поголеми обврски од страна на одделни директиви и за прашања кои дел ќе бидат регулирани со Законот за работни односи, некои ќе бидат регулирани со посебни закони. Така што соодветно на сите обврски и услови и активности што беа превземени и што произлегуваат исто така ќе биде дефинирана и временската рамка во која ќе се одвива процесот на хармонизација.

Во законот се наведени поголем дел од одредбите кои се опфатени во рамките на овој Предлог за измена и дополнување на законот. Одредбите се однесуваат на утврдувањето на новите критериуми за репрезентативност, модел, како што реков повеќе пати го гледавме и за кој имавме прилика и можност да доставуваат писмени забелешки сите заинтересирани страни.

Во законот многу децидно и конкретно се дефинирани критериумите за утврдување на репрезентативност, за разлика од досегашниот закон каде имавме два критериуми, а тоа е утврдување на одреден процент од вкупен број на вработени на национално ниво, или процент на одредена вработеност на ниво на гранки или на ниво на работодавач и услов за регистрирање на синдикатите и на здруженијата на работодавците кои досега се регистрираа во Министерството за труд и социјална политика.

Се додаваат уште два нови критериуми, а тоа беа токму барања од Европската комисија и од Меѓународната огранизација на трудот, да бидат критериуми во смисла секое здружение на работодавци и синдикати кои сакаат да се утврди негова репрезентативност, покрај презентирањето на документи и податоци од аспект на состојбите со своето членство, треба да презентира и показатели дали има потпишано некои колективни договори на национално, на рамковно ниво или на ниво на работодавач и колку се покриени со тие колективни договори субјекти и работодавци на ниво на општини.

Во основа тоа се критериумите кои се опфатени и содржани во регулативата од областа на трудот и во другите земји и процентот како процент на застапеност на бројот на работниците заради утврдување на репрезентативност, беше оставен да се утврди во рамките на разговорите, преговорите и средбите што требаше да се остварат и што се остваруваат со социјалните партнери, респектирајќи ги сегашните услови и состојби во кои се наоѓаат и синдикатите и работодавците, но и од аспект на она што ќе

произлезе како услов, барање и потреба и од меѓународната регулатива и од измените што се прават во законските прописи од нашата област.

Подетално, исто така е разработена постапката и начинот на утврдување на репрезентативноста бидејќи досега тоа создаваше дополнителни проблеми во процесот на регистрирање на асоцијациите.

Тука сакам да кажам неколку збор по однос на тоа што имаше некои дискусии во рамките на другите три комисии кои го разгледаа и го прифатија законот во изминатите неколку дена, околу тоа дали треба и зошто треба односно зошто е предвидена комисија за утврдување на репрезентативност. Тоа го истакнувам поради тоа што Комисијата за утврдување на репрезентативност нема улога да оценува дали овој Синдикат е репрезентативен или не односно нема големи ингеренции надвор од она што е утврдено како критериум во законот. Нејзината улога и задача е само врз основа приложената документација на секој синдикат или работодавец кој ќе достави барање за утврдување на репрезентативност да ја утврди, врз основа на таа приложена документација, конкретната состојба при чие утврдување задолжително има претставник на секој од синдикатите или работодавците што си поднел барање и кој си ја образлага својата приложена документација. Прашањето беше дали таа треба да биде мешовита, зошто да биде мешовита, од кои структури итн, бидејќи е предвидено таа да брои 9 члена со по три претставници од Министерството за труд и социјална политика затоа што таму се водат регистрите и на аосоцијацијата на синдикатите и работодавците, од Министерството за правда затоа што во правда се ингеренциите односно прописите, од аспект на судска заштита, бидејќи тука е предвидена и судска заштита во врска со процесот на регистрацијата и од Министерството за економија, како ресор кој е надлежен за прашањата поврзани со работодавците односно со економијата во Република Македонија. Предвидена е и судска заштита, предвидена е и постапка за жалба, така што во основа тоа се решенијата кои ги содржи Законот за работни односи.

Сакам да истакнам дека тоа не е целта на законот ниту да навлегува во материјалните права, уште помалку да ги намалува или да ги крати материјалните права кои се разработени и опфатени со другите материјални одредби од законот, кои не се менуваат, туку, како што реков целта е само да се изврши прилагодување и хармонизација со соодветните препораки и конкретното законодавство на Европската унија.

Знаеме дека законодавството на Европската унија е минималната рамка во рамки на кој треба да се движат прописите и од областа на трудот, бидејќи таа е во основа, заедно со конвенциите на Меѓународната огранизација на трудот за оваа регулатива, а поконкретно прашањето и обемот на прашањето се уредуваат со законите, колективните договори и другите прописи на земјите.

Да не должам повеќе, едноставно оставам простор и можност во текот на расправата ако има потреба од некои дополнителни поконкретни појаснувања ви стојам на располагање.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господин Трајанов.

Прв за збор се јави Ацо Спасовски од Стопанската комора на Македонија.

Само за информација, од организација на работодавачи на Македонија пристигнаа некои забелешки по писмен пат. За да не губиме време и за да ви ги делиме копијата, на сите вас, по имејлите што ги имате доставено, ќе ви ги доставиме.

02/1.- ПЈ/МП

**Радмила Шекеринска:**

Повелете господине Спасовски.

**Ацо Спасовски:**

Благодарам претседателке.

Јас ќе изнесам некои мислења базирани на званични предлози од Собранието на Стопанската комора на Македонија и од контакти со нашите членки. Изминативе година и нешто во Стопанската комора на Македонија ние имавме интензивни контакти со Министерството за труд и социјална политика, на Собранието на комората и го третиравме прашањето за работните односи и посебно го третираа нашиот совет на странски инвеститори. Во таа смисла визави предложениот текст на законот оценуваме дека треба да се подржат предложените измени кои се однесуваат на критериумите за репрезентативност и кај синдикатите и кај работодавачите, бидејќи на тој начин еве ќе имаме попрецизна слика кој се вклучува во преговорите, а посебно тоа се однесува за колективните договори.

Во овие членови кои го регулираат ова прашање на репрезентативност мислам дека треба да се прецизира според нас дали тие критериуми важат кумулативно или не. Мислам дека не е на одмет да стои некоја таква одредба.

Во делот на социјалниот дијалог наше мислење е дека во предложениот текст на законот не се во целост акцептирани предлозите на Европската унија или Европскиот економско социјален совет.

Второ, Стопанската комора на Македонија има контакти со Европскиот економско социјален совет, бидејќи еве Стопанската комора на Македонија како репрезентативна и референтна бизнис асоцијација препознатлива и дома, посебно во странство е доста консултирана и за овие прашања. Од тој аспект мислиме дека овие решенија кои го третираат економско сицијалниот дијалог треба да претрпат измена и еве неколку аргументи.

Прво, во Законот за Стопанската комора на Македонија во член 5 став 1 алинеја 6, тоа е пренесено и во статутот на Стопанската комора на Македонија, меѓу другите обврски кои ги има една таква бизнис асоцијација е да ги застапува интересите на членките на Комората по прашања на економско социјалниот карактер. Предложените решенија тоа го ускратуваат на Стопанската комора на Македонија, гледано формално - правно, иако ние согласно интересите на членките таа функција се трудиме да ја извршуваме. Меѓутоа, треба и формално-правно да се озакони. Ова го базираме и на мислењето и на препораките на Европскиот економско социјален совет во кој тие велат еве цитирам дека препорачува Европскиот економско социјален совет улогата на Македонскиот економски социјален совет да биде зајакнат, а тоа значи да биде порепрезентативен и во него да земат членство сите засегнати страни, вклучувајќи го и бизнисот и граѓанските асоцијации. Ова би создало цврста институционална основа за водење значаен дијалог за економски и социјални прашања преку вистинско партнерство. За да се овозможи таков развој треба да се подготви нова законска рамка со вклучување на засегнатите страни во тој дел. Во тој дел ние предлагаме соодветно дополнување.

Инаку, предлагаме прецизирање на одредбите на постојниот Закон за работни односи кои се однесуваат на престаноците на работните односи, со оглед дека создаваат нејаснотии и проблеми при нивната практична примена, како што е на пример обврска за предупредување на работникот пред отказ, затоа што произлегува дека работодавците треба постојано да ги

препдупредуваат работниците и да не можат да извршат престаноци од друг вид на казни.

На крај, еве да го dадеме нашето мислење по дополнителнот предлог од матичните комисии за труд и социјална политика и од Законодавно-правната комисија и мислиме дека овој предлог во врска со вклучување на одредбите на одредени членови по прашањето на мобингот се избрзани, не се стручно аргументирани, значи не се прецизни и како такви овозможуваат нивно, да не речам тежок збор манипулирање, со што би се довело во прашање менаџерското работење во фирмите. Бидејќи, според она што е предложено, менаџерите ќе се доведат во улога вршејќи си ја својата функција, да бидат обвинувани дека вршат психичко вознемирување и притоа товарот на докажување да паѓа на нив, со што би се спречило нормалното функционирање на работниот однос. Мислам дека во овој дел треба да се консултира и стручната литература во делот на дефиницијата што е тоа. Ова беа нашите предлози и на крај да изразам наш коментар, задоволство што матичката Комисија за труд и социјална политика не оценила за потребно за овој дел да вклучи и надворешни стручњаци од комори, зборувам за Комората како бизнис асоцијација. Очекуваме и тоа можеби во наредниот период ќе се корегира. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам. Само за информација за оние кои не се од Собранието или не ја следат оваа проблематика повнимателно, освен овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи кој ви е доставен за оваа работна јавна расправа во Собранието, во моментов во Собранието во процедура е уште една измена на Законот за работни односи и на тоа се однесуваат овие дополнителни коментари од Стопанската комора, прашањето на мобинг и тие елементи беа разгледувани, меѓутоа исто така нема финален став, туку само беше разгледувано на работни тела.

Следен за збор е пријавен Драги Јовановски од Сојузот на синдикати, повелете.

**Драги Јовановски:**

Благодарам претседателке.

Сојузот на синдикатите на Македонија мора да го каже својот став по однос на овие измени и дополнувања. Морам на почетокот да ги информирам повеќе пратениците дека од она што го кажаа претставниците од

Министерството за труд и социјална политика скоро 90% не е точно. Немало никаков социјален дијалог. Не значи сега ако некој овде присуствува и ако го искаже својот став и со аргументи укаже на одредени работи, истото не го прифатиме дека демек тоа е социјален дијалог.

Втора работа, министерот за труд и социјална политика го немаме видено по однос на овие измени и дополнувања.

Трета работа, твининг проектот што се спомнува, мислењето од МОТ - меѓународна организација на трудот, наводно од Брисел, исто така, нема врска некои од овие институции нешто да кажел. Овој закон, колеги пратеници, е ставен во иста ваква форма, со исти членови, со иста содржина уште минатата година. Твининг проектот со Словаците не беше почнат, дури и неколку пати го повторуваа тоа, па имаа грешка во членот 201, го пишуваа како 211 за што ги предупредувавме, значи од твинингот ниту е нешто вградено, ниту пак тие експерти од Словачка ова го кажале. Станува збор за голема промена во Законот за работни односи. Станува збор за тоа дека досега Уставниот суд, а тоа е лошо за пратениците, десетина одредби ги укина. Дури сега најновата која беше пред 5-6 месеци во измена и на која укажувавме сто пати, јас не знам повеќе како да укажуваме, ако треба нешто даземеме тапани итн да го разгласуваме, им кажа дека околу плаќање на годишниот одмор не се пишува така. Тие го напишаа буквално спротивно на Уставот на Република Македонија. Работодавачот ако има потреба нема да му даде одмор, ама ќе му го плати, а директивата е јасна. Директивата вика, ако работникот си оди од фирмата, стекнал право на користење на годишен одмор, па му останале 20 дена или 10 дена да му го плати, бидејќи го стекнал кај него или евентуално ако му дал отказ. Значи, тие се две ситуации. Како го изврteа Министерството за труд и социјална политика навистина не ни е јасно. Затоа, ова морам да го кажам, најнапред за да имате информација. Сојузот на синдикатите во старт става забелешки, бидејќи станува збор за промена на над 50-тина членови од Законот за работни односи. Се губи физиономијата на Законот за работни односи. Како експерт морам да кажам дека овој закон сега ниту е закон, ниту е колективен договор. Зошто? Затоа што истиот и во другите одредби не се почитува, а овие што се предлози сега нема да бидат ни применливи односно дел се лоши решенија, како на пример, обврската на работодавачот во рок од три дена да поднесе пријава дека работникот работи. Истиот тој предлог беше во февруари предложен од

истото Министерство, сега на истиот тој предлог го бришат. Не ми е јасно. Значи, кога работодавачот ќе го пријави работникот, ако се избриши тој рок. Ова го говорам од една единствена причина, затоа што во Република Македонија се кршат масовно правата само по основ на годишен одмор имаме податоци дека над 200 иљади работодавачи не им го дале оваа година. Тоа се податоци од нашите 34 региони. Сојузот на синдикатите има преку 120 вработени, има свои региони и имаме свои податоци. Ние кога ги изнесуваме податоците правиме сондажа, или им дале дел од одморот, или им дале 5-6 итн. по основ на прекувремено, по основ на продолжено, по основ на празници. Затоа, јас ви велам дека физиономијата на овој закон се губи. Сега, дали е закон или е колективен договор.

Втора работа Република Македонија има над 62 иљади правни субјекти. Најголема сила да имаат околу две иљади колективни договори. 60 иљади претпријатија немаат ништо, никаков акт. Не е тоа маана на синдикатите, да ги викнеме и германските и сите светски синдикати, проблемот е во институционалното решавање во одредбите на Законот за работни односи.

Трета работа од 90-те години, зборувам малку и хронолошки кога имаше во Република Македонија 500 иљади членови во Синдикатот, сега едвај има 250 иљади. Што укажува тоа? Сиве овие предлози и денешниве предлози што се пред вас одат кон растурање на синдикалното движење. Едноставо, одат кон донесување на синдикати кои што ќе бидат исклучиво контролирани од Владата, или владини синдикати. Постои правна несигурност во сите одредби.

Првата и основна правна несигурност е што членот 246 точката 6 каде е кога се носи Уставот на работниците, економско - социјалниот совет е првиот што треба да расправа, а тој не расправал. Јас ве молам како пратеници да го вратите рикверц овој закон. Рикверц да си појде во Министерството и министерот е тој што го свикува економско-социјалниот совет. Сојузот на синдикатите на Македонија десет пати бараше свикување не за овие промени, туку и за мобингот и за другите промени пред тоа. Не го свикува. Значи, таа правна несигурност сега поготово во членот 2 каде што предлагаат пријава - одјава односно пријавување нема во рок од три дена, каква е таа сигурнос на работникот дека е пријавен во работен однос, ви се молам. Кога ќе го пријави? Дури овде сега му се ставаат врзани рацете на инспекторот, бидејќи нема облигација да го пријави, денес го примив, утре ако му појде да го

провери, утре го примил итн, а нашата бројка на невработени ја знаете. Во Република Македонија според нашите податоци се некаде околу до 400 илјади или до 800 илјади луѓе кои што не земаат ништо, брачни другари итн. Тоа е голема бројка. Ние можеме со податоциве да си играме дека е намалена, зголемена итн, но јас немам слушнато во едно претпријатие да се примени од страна на работодавачите 10 луѓе, 20 луѓе. Можеби кажале колку во иднина ќе примат, ама тоа е во иднина. Значи, нема социјален дијалог во поглед на процедурата за донесување на законот. Кажа претставникот дека наводно се разговарало со некој синдикат, ама не може да се разговара со синдикатите. Тие синдикати што разговараат треба да бидат одговорни, треба да бидат репрезентативни и треба да бидат одговорни кон своето членство. Сведоци сме овие денови, еден од Синдикатите за образование, наука и култура никаде го нема, а демек е репрезентативен синдикат. Станува збор ако го погледнеме законот, бидејќи Законот за работни односи сигурно сте го прочитале, репрезентативност која утврдува во сегашниот момент во Република Македонија. Кој ја утврдува? Утврдува судот, не утврдува Владата, не утврдува Министерството, така е кажано во законот. Но, ние сакале или не сакале мора да го почитуваме Законот за работни односи. И, сега, кој е тој што кажал дека тие синдикати сите што учествувале се репрезентативни. Можам да кажам дека освен Сојузот на синдикатите, другите немаат лигитимитет, немаат репрезентативност.

Трета работа што сакам да ја укажам. Законот се донесува поради одредени цели. Кои цели ќе се постигнат? Повеќе да се почитуваат правата, да се намали невработеноста, работниците да земаат редовно плата итн. Значи, треба да се анализира кои институти од самиот закон не функционираат. Се обидовме од Заводот за статистика да добиеме податоци колку се исплатило во Македонија прекувремено, колку е продолжено, колку е за државни празници, колку ноќна, колку дневна и велат немаме податоци. Нема обврска работодавачот сето тоа да го прикаже никаде во Законот за работни односи. Зошто би го прикажал, треба да му даде поголема плата, треба да плати придонес и треба да влезе повеќе во буџетот. Значи, за да се носи законот треба да се каже дека овие институти лошо регулираат или лошо се применуваат, па од тие причини еве поради тие работи ги менуваме. Законот не дава решенија на две работи.

Првата работа е дали во претпријатието има некаков акт.

Втора работа, дали во претпријатието треба да има колективен договор, а велиме Колективниот договор на ниво на претпријатие, ги регулира правата. Сега, каде се регулирани правата? Во ниедна одредба, а што ви го кажав примерот од 60 илјади претпријатија, ако има некој тоа нека го негира дека не е така, немаат никакви колективни договори. На што укажува тоа? Тоа укажува на наредната работа, значи нема социјален дијалог. Социјалниот дијалог треба да се води меѓу партнерите, социјалните партнери, таму каде што се прават проблемите, таму каде што се работодавачите, таму треба да бидат и работниците. Овде ниедна одредба никој едноставно не сака да води таков дијалог за решавање на проблемите.

Следна работа е дали во сето ова .....

**Радмила Шекеринска:**

Само водете сметка, јас реков неограничено време, но веќе бројот на дискутантите се зголемува, така што молам завршете.

**Драги Јовановски:**

Дали Агенцијата за вработување е ставена во некаква активна позиција или е само во евидентичар на невработени. Една одредба не кажува што ќе работи Агенцијата, а имаме вработени таму 600-700 луѓе, сила на луѓе кои што можат да контролираат и да проверуваат дали се работи прекувремено и продолжено. Ние ова го кажуваме од праксата, затоа што кај нас идат луѓето. Да, вели ми даде 10 дена одмор, меѓутоа затоа мојот колега ден и ноќ седеше во фирмата.

Шеста работа, ниедна одредба не го развива, унапредува и охрабрува социјалното партнерство ни меѓу работодавачи, ниту на најниско ниво, ниту на гранково ниво, ниту на национално ниво.

Последната работа и со тоа завршувам, репрезентативноста кој треба да ја утврдува. Па, самите партнери, јасно е. Од каде е изнајдено Министерството за правда, Министерство за економија, кое што никогаш не се вклучило и Министерството за труд и социјална политика да пресекуваат кој е репрезентативен синдикат. Самиот економско социјален совет низ механизмите ќе си определува кој е репрезентативен, кои се партнери во тие преговори.

**Драги Јовановски: (продолжение)**

Зошто постои трет да определува. Тоа укажува дека можеби сега фиктивно е поволно за некого тоа решение, тоа утре може да доведе до други односи.

Ние во Сојуз на синдикати не бараме да се формираат владини синдикати, туку бараме да се формираат здрави синдикати кои што ќе се спротивставаат на работодавачите, во овој закон ќе се вградат европски стандарди, работниците на први ќе си ја земаат платата и ќе се остварува барем нужниот социјален дијалог во Република Македонија. Благодарам

**Радмила Шекеринска:**

Се извинувам, имаше една работа која на почетокот заборавив да ја кажам, тоа е моја грешка.

Во јавните расправи во принцип бараме сите кои што сакаат да се пријават за дискусија и добиваат збор согласно редот за дискусија и не правиме реплики за да не се изгуби текот на дискусијата. Сега, бидејќи ова е моја грешка јас ќе дадам една шанса само за едно минутен коментар, а понатаму ќе ве замолам сите кои што имате реакции на дискусиите да се пријавувате за збор.

Повелете госпоѓо Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:**

Ви благодарам госпоѓо Шекеринска.

Во интерес и јавноста да добие поголема слика и јас во еден дел од дискусијата на господинот Драги Ивановски апсолутно не се согласувам и не е точно според мене, не негирам тој бидејќи го кажа сфаќа дека го кажа и верувам дека стои зад тоа.

50 закони не се изменуваат. Има 51 член во оваа измена и дополнување, меѓутоа имаме многу многу членови. Тоа е едната работа.

Другата работа е во однос на на што се дискутираше што се брише одредбата во рок од 3 дена пријавување на невработените лица од страна на работодавачите. Тоа не створа несигурност. Зошто не створа? Затоа што работодавачот има обврска, веднаш, ако велите вие дека денеска дојде инспекторот и работодавачот му каже го примив вчера,а не може да го прими вчера. И вчера ако сте го примиле, вчера требало да го пријавите.

Од друга страна тука и јас мислам дека има една заштита на работниците затоа што можат и првиот ден односно треба првиот ден да бидат пријавени од страна на работодавачите, а тоа во една од дискусиите и на матичното работно тело се дискутираше како ќе знае лицето дали е пријавено, може да се злоупотребува, апсолутно ќе знае. Сега особено достапност на електронскиот систем на следење е апсолутно во евиденцијата на Агенцијата за вработување секогаш има дали се уште е лицето невработено. Ако тое е се уште невработено се знае дека е непријавено во работен односно, така да мислам дека има начини на проверка, но сепак јас го ценам тоа мислење, таков е ставот на Сојузот на синдикати и тоа е нивно мислење.

Уште една работа, да се задржимие во дискусијата, ова е јавна расправа, не е ниту седница на комисија, ниту пленарна седница, но сепак околу измените што се предлагаат. Се напоменаа и други работи кои што не ги спорам, но не се предмет во овие измени и дополнувања на овој закон и мислам дека со тоа би си придонеле во продуктивноста на самата расправа кога би се ограничиле само на овие точки, политички и временски. Тоа и нас би ни годело. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам на сугестијата.

Јас само за последното сакам да објаснам.

Во приницип нема да интервенирам се додека било кој од учесниците во јавната дискусија дискутира на тема работни односи, затоа што целата логика на овие јавни дебати не е да се фатиме за точка, запирка, туку напротив логиката беше да ги гледаме дури и како работни текстови и да кажеме што во областа која што ја разгледуваме треба да се подобри, затоа што многу полоши се оние членови кои што недостасуваат и поважни се тие што не достасуваат отколку оние кои што се напишани.

Нашата цел како Национален совет е да видиме што пишувало во Извештајот на Европската комисија, што стои во нашите национални програми, со кои директиви сме одлучиле дека ќе се усогласуваме, кога, како до која мера и да кажеме дали она што го имаме како текст одговара на тие планови или не одговара. Тука ќе бидам, без разлика кој учествува во дискусијата, навистина ќе се држам за тоа дека дискутирате за работни

односи и понатаму ваше е дали ќе се осврнете токму на овие закони или во областа во целина.

Следен за збор е Раде Ненадиќ, од Националната федерација на агенции за времени вработувања, а следна Лилјана Јанкуловска од Сојуз на синдикати, повелете.

**Раде Ненадиќ:**

Благодарам госпоѓо Шекеринска

Јас ќе се задржам на конкретен член од законот, ќе се обидам да го пренесам нашиот став и ставот на Конфедерацијата на работодавачите.

На почетокот би сакал да кажам во врска со твининг проектот. Јас сум член на твининг проектот и сум во Управниот одбор на твининг проектот. Ние во сите наши истапувања и Националната и Конфедерацијата на работодавачите и делот од синдикатите се залагавме за комплетно нов закон. Ова е веќе 4 или 5 измена во неполна година дена, како што самата кажавте следува 5 или 6 за кои што за прв пат слушам, немам поим дека нешто такво се спрема. Значи се залагавме и на последната средба во Охрид да се донесе целосно нов закон затоа што веќе немаме ни пречистен, а искрено да кажам и тешко ни оди снаоѓањето во законот, што важи, како важи законот.

Јас ќе се задржам на член 2 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот кој се однесува на член 13 од постојниот закон, односно на тие 3 дена кои што се бришат, рок кој што работодавачот согласно постоечката законска регулатива е должен да го пријави, односно одјави работникот во задолжителното социјално осигурување, преку електронски или директен пат во Агенцијата за вработување.

Значи, рокот од 3 дена се брише и се кажува, всушност не се кажува, туку се подразбира според моите разговори со господинот Трајанов дека тоа треба да биде веднаш. Меѓутоа јас ќе прашам како?

Убаво вие да ставите во закон веднаш, но како веднаш?

Прво, грешката е во стариот закон. Работодавачот не врши пријавување ниту одјавување на работниците. Работодавачот поднесува пријава односно одјава. Пријава односно одјава врши Агенцијата за вработување односно Центарот за вработување. Работодавачот, значи, прво треба да се смени формулацијата правно, затоа што е апсолутно неиздржана, работодавачот поднесува пријава. Не може да го пријави затоа што е

функција, заверка на образецот М1, М2 со кој што се врши таа пријава, ја врши Центарот за вработување по службена должност. Значи, не работодавачот, тука веќе имаме неусогласување.

Второ, одиме од практична гледна точка за сите работодавачи особено за агенциите за привремени вработувања.

Она за што инсистира Европската унија, а инсистира меѓу другото и на залагањето на ЈРСМ, тоа е европската конфедерација на агенции за привремени вработувања каде што Македонија е полноправна членка под своето уставно име од оваа година, со што сум многу горд лично е флексекјурити. Тоа е составен збор флексибилити и секјурити, со која што им се дава на работниците, меѓутоа и работодавачите флексибилност во заснованост, во прием, меѓутоа и во отпуштање на работниците, но од друга страна им се гарантира сигурност на работниците. Значи, на работодавачите им се дава флексибилност, меѓутоа на работниците им се дава сигурност.

Членот 13 е круциален член за Законот за работни односи и кажува јасно и експлицитно во ставот 1 дека работен однос се заснова со потпишување на договор помеѓу работникот и работодавачот.

Во членот 2 кажува дека правата и обврските од работниот однос, како и од задолжително социјално осигурување започнуваат да течат од денот на стапувањето на работникот на работа определен со договорот за вработување.

Значи, дефакто илеревантно е кога работодавачот ќе го пријави работникот во Центарот за вработување. Дата на стапување во Центарот за социјално осигурување мора да биде идентична со дата на потпишувањето на договорот за вработување. Не може и после 15 дена да го пријави односно да му се реализира пријавата. Да бидам пластичен. Значи, на 15 септември ако јас со некого сум склучил договор на 1 септември да почне со работа и тој започнал со работа неговите права од социјално осигурување течат од 1 септември, не од 15 кога е реализирана пријавата.

Значи, ако инспекцијата, како што стои во образложението треба да ја утврди неправилноста, неправилноста не се утврдува со немање М1 и М2 пријавата, се утврдува со немање договор за вработување. Тоа е основот. Зошто, што правиме, јас пак ќе кажам за Агенцијата за привремени вработувања, нас ни се случува работодавачот да ми се јави во петок поручек и да побара за саат време еден или сто и еден работник. Како ние да го

пријавиме веднаш кога Центарот за вработување работи со 16,00 часот, односно со странки до 14,00 часот. Како?

Дали господата од Министерството знаат што се случува во пракса.

Во изминатите 6 месеци компјутерскиот систем на Центарот за вработување Скопје, односно Агенција за вработување на Република Македонија знаеше да не работи и по 5 дена. Како да го пријавиме веднаш? Значи, ние сме поднеле пријава пред да стапи работникот на работа, сме отишле во Центарот за вработување, сме ја дале пријавата, но системот не работи. Доаѓа инспекција во фирма дајте ми М1 и М2 образец, немаме, 15 илјади евра казна. Не сте постапиле согласно законот.

Од друга страна денешна пракса, сега во моментот додека ние разговараме, бидејќи е критичен период кога се пријавуваат, одјавуваат работници, тоа е 25 во претходниот месец до 10-15 наредниот месец. Пријавите се оставаат во центрите за вработување, особено во Центарот за вработување Скопје, затоа што има премалку службеници, а премногу пријави и одјави кои што се обработуваат, за тоа имаме и материјални докази, за 3 дена, за 10 дена, па и за 15 дена. За тоа време дефакто и дејуре работникот не е пријавен. Според сегашниот закон работодавачот не го пријавил затоа што нема заверен М1 и М2 образец работодавачот. Значи, повторно е виновен работодавачот.

Сега овде го скратуваме рокот од 3 дена, го бришеме, не даваме никаков рок, но се повикуваме во образложението на законот на ставот 7 од членот 13 кој што кажува дека работникот не може да стапи на работа пред да потпише договор за вработување и пред да биде пријавен во Фондот за задолжително социјално осигурување. Еве јас ќе кажам, тој потпишува договор за вработување во петок во 19,00 или во 21,00 часот, пред да започне трета смена некаде. Значи, не смее да започне пред оној ден кога не работи Центарот за вработување или другите центри.

Во казнените одредби од друга страна предлагачот на законот укинува во членот 295 од постојниот закон одредбата дека инспекторот на труд со решение ќе забрани вршење на работи на работодавачот ако според ставот 2 работодавачот не поднел пријава за задолжително социјално осигурување. Не ја гледам логиката.

Значи, ако дојде инспекцијата и најде дека не поднел пријава нема да му издаде решение за забрана, а од друга страна го укинуваме рокот од 3 дена.

Образложението зошто се укинува ставот 2 во членот 259 е дека се регулира со законот за плаќање на задолжителното социјално осигурување. Се надевам господо пратеници успеавте да ме разберете. Суштината е во тоа дали работникот и работодавачот имаат потпишано договор за вработување. Од него произлегува се понатаму. Ако го има потпишано договорот за вработување, инспекторот и да затекне дека не е пријавен ќе му наложи на работодавачот да го пријави и тој ќе биде пријавен со датата на потпишување на договорот за вработување. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Јанкулоска, а потоа Весна Бендевска.

**Лилјана Јанкулоска:**

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници и сите присутни.

Секои измени и дополнувања на закон односно секое носење на нов закон претпочита дека тој закон значи нешто ново, нешто пред се целосно да уреди одреден однос, да се дообјасни одредена работа која што претходно не била добро уредена, да се стават новини кои одговараа на состојбата кога се носи тој закон се со цел да може тие одредби кои што се менуваат, односно кои што се носат во новиот закон да бидат во натамошниот период применливи.

Но, и покрај желбата да кажеме дека има работи кои што се добри во Законот за работни односи, за некои работи воопшто не можеме да се сложиме, поаѓајќи пред се од следните причини.

Прво, постојат неколку правила при донесување на законот, односно при негово изменување и дополнување. Секако дека првото правило е одредбата да е јасна, разбирлива и недвосмислена и да се применува. Но, во овој случај тоа не е така.

Имаме преводи кои што не се соодветни, за жал. Преводи кои навлегуваат во достоинството на човекот и на работникот и претставуваат навреда и одредби кои што сакаме да ставиме одредена одредба од конвенција или директива, но ја земаме до пола затоа што нас таа така ни

одговара. Само за пример ќе го кажам поимот работно време. Секој период кој работникот работи е на располагање на работодавачот. Е на располагање на работодавачот. Што тоа значи? Се враќаме назад. Цело време ќе биде работникот на располагање на работодавачот за се и сешто? Не ограничуваме што е тоа. Преводот е многу лош од самата конвенција односно самата директива.

Второ правило, секако дека е многу значајна применливоста. За жал во Република Македонија најголем проблем ни е неможноста да се спроведуваат законите односно одредбите бидејќи секогаш не сме до крај јасни, или пак едноставно се јасни, но не сакаме да ги примениме.

Стана збор, и мојот колега зборуваше за репрезентативноста, за критериумите.

Сојузот не е против за постоење на критериуми за репрезентативност, но изготвувачот на законот го прашувам кога ќе биде донесен овој закон како ќе се применува, како ќе се утврди репрезентативноста кога во Република Македонија постојат повеќе видови на податоци и од различни органи. Таму вели на национално ниво ќе биде репрезентативен синдикат кој што има 10% од вработените во државата. Ако земеме Агенцијата за вработување ни дава еден податок, Фондот за пензиско осигурување друг податок, Управата за јавни приходи трет, а Статистика четврти. Значи, ќе појдеме од 620 илјади вработени, аваму велиме мораат да примаат плата односно да имаат список итн., ќе одиме од Агенцијата каде што имаме 460, а во ПИОМ имаме 470 и во Управата за јавни приходи 480 илјади невработени. Тие податоци се такви.

Значи, сите одредби што се за репрезентативноста не можат да се применат. Што ќе работи комисијата, што ќе работи министерот, како ќе го донесе тоа решение.

Ако ова не се реши, а јас оваа расправам ја сметам дека е една од најважните при донесувањето на измените на овој закон, бидејќи тие треба да извршат влијание за да изготвувачот на законот го осознае она што ние денеска го кажуваме.

Трето правило, секако е дека треба да се регулира област која што е типична и се однесува за самиот закон. Мора најискрено овде да истакнам дека со овој закон се навлегува во самостојноста на синдикалното организирање. Не може законот да кажува дека синдикалната организација е правно лице. Тоа ќе си го уредат синдикатите со своите статути. Можеби ќе

воведеме поверенички систем, па нема да имаме синдикални организации. Можеби ќе воведеме некое друго, некое тело кое нема да биде синдикална организација.

04/1.- ЛП/ЛЈ

**Лилјана Јанкуловска: (Продолжение)**

Второ кај репрезентативноста еден од критериумите е локални синдикати на општина. Кај го има тоа локални синдикати. Што се тие, што ќе претставуваат кога кај нас во нашите статути колку што знам ниеден од синдикатите тоа го нема предвидено. И не треба на една мала држава, како ќе се расклинуваме. Треба да делуваме заеднички, а не да се расклинуваме и да не знаеме кои сме и што сме.

Четврто правило е секако при носењето на законите. Да ви кажам искрено воопшто не се почитуваат мислењата што се дадени од релевантни органи и организации и што е најважно, воопшто во овој закон не се вклучени експерти. Едноставно науката остана настрана. И во сите носења на Законот за работни односи последните измени и дополнувања. Што сме ние, највише знаеме или Министерството што е изготвувач највише знае. Затоа се овие дебати за да секој по малку допринесе да донесеме закон кој што навистина ќе биде донесен и нема да го менуваме за два дена.

Петто правило: со новите измени треба да се решаваат проблемите кои што ние ги имаме во спроведувањето на веќе постојниот закон. Мака мачат работодавците, а и синдикатите, како да се распореди еден работник. Дали со решение, дали со одлука, дали со анекс на договор за вработување. Оти го избришавме ние распоредувањето. А ние видовме во праксата и самите работодавачи кажуваат дека имаат проблеми. Не знаат како работи таму, е на друго работно место и не мора секогаш да биде, оти можно е договор за вработување само променет ако се спроведе постапка за технолошки вишок. Е таман работа сега работодавците технолошки вишок постапката ќе ја водат, кога имаат други економски проблеми.

Тука го ставам и проблемот со отказите.

И МОТ и Европска унија, особено Ерик Меер, просто се чудеа како во Република Македонија да има само една дисциплинска мерка и тоа најтешката мерка "отказ". Па кај ви е вика мерката "опомената". Па кај ви е нешто друго. Одма ли ќе оди на отказ. Не го земајте она дека замена за отказот со парична казма значи ублажување. Цела постапка се води за отказ, па сега ако се смилува работодавачот ќе ти ја замени со парична

казна. И најчесто секогаш е отказ. Како можеме нашите работници најповеќе да ги казниме. Една мала на пример повреда, ти вика отказ. Зошто отказ? А дотогаш бил супер работник. Мора да имаме градација на повредите. И сега некои закони специјални, гледајќи ги овие нелогичности во Законот за работни односи веќе си формираат односно си определија и други казни дисциплински. Е кога може во другите, тогаш тие казни што се предвидени таму, треба да дојдат и во Законот за работни односи бидејќи тој е основен и треба да биде еднаков за сите работници во Република Македонија.

На крајот, што е и логичен заклучок, бидејќи навистина има забелешки кои што не се туку така само да се појде преку нив. Логично е изготвувачот, предлагачот на законот да го повлече, да се направи расправа социјален дијалог, договор, да ги повикаме експертите, науката и да направиме закон кој што навистина ќе биде и ќе одговара на моментот кога истиот се носи за да биде применлив во натамошниот период. И, пред две недели ние имавме претставничка од Меѓународната организација за трудот. Пред расправата во Комисијата за труд, се договоривме дека наредната недела значи претходната недела ќе седнеме заедно социјалните партнери и ќе ги пишуваме член по член ќе ги гледаме, Каде е тоа?. Нема координација Меѓународната организација за трудот со нашето Министерство? Зошто тогаш доаѓаат кај нас како синдикати, како работодавци. Едно викаме вака се залагаме, дека има потреба да имаме средби и вака да се договориме, зошто не чини таква одредба. Дајте да ја направиме како што треба. Кога утре дента доаѓа тап, расправа на Комисија. Несвојствено. Јас не знам. Претходниот ден таа колешка била кај нив во Министерството за труд на разговор. А, поготово што ние сега имаме веќе канцеларија. што значи на едно повисоко ниво е издигнато важноста на нашата земја во очите на Меѓународната организација на трудот. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следна за збор е Весна Бендевска, а потоа Тито Петковски.

**Весна Бендевска:**

Благодарам  госпоѓа претседател на Националниот совет.

Јас ги поздравувам во принцип сите јавни расправи, но како член на Комисијата за труд и социјална политика, особено ја поздравувам оваа, и жалам што не присуствува тука ниту министер за правда и за труд и социјална политика, ниту неговиот заменик, добро е што  меѓу нас е господинот државен советник за кој сите ми се чини во салата знаеме какво искуство има и се надевам дека ќе може да одговори на она што е за нас клучно прашање: Што ни нудите, зошто ни нудите сега, од аспект и на форма и на содржина и се надевам дека цел на оваа јавна расправа е одговори. Законот е веќе влезен во процедура, сите ние пратеници да оформиме свој став и да знаеме дека нешто сериозно подобруваме.

Ќе се обидам да бидам конкретна и децидна. Ќе започнам со вашите образложенија зошто ни го нудите предлогот за измени.

Првин велите дека овој закон го усогласувате со Директива 2003/88 на Комитетот на министри на Советот на Европа и Европскиот парламент. Мислам дека и во текот на седницата на Комисијата за труд и социјална политика, се согласивме во овие 50 членови само 7 ги усогласувате со Директивата. Ни останува значи да говориме за останатите 40 и кусур. Потоа констатирате со цел да се унапреди социјалниот дијалог на сите нивоа и колективното договарање како индикација дека проблемот лежи во квотата, условно кажано за одредување на репрезентативност во 33% и целта ви е да го намалите. Па ние сите се согласивме дека сме спремни во интерес на подобрување на плурализмот во синдикалното здружување да го прифатиме. Ако е тоа. Ама намерите сакам да ги разјасниме тука сите.

Прво, ако Македонија од својот буџет, издвоила средства и поканила словачки консултанти, експерти, меѓу кои и господинот професор доктор Игор Томеш, за да го изготви овој твининг проект со намера кон Министерството за труд и социјална политика на кој начин да го изменува своето трудово законодавство, одлучено е кои директиви и мислам дека тоа треба да биде предмет, кои директиви треба да се усогласуваат постапно во три фази. Нема да говорам за директивите, ќе говорам вкупно за она што е цел наша на Парламентот на Република Македонија и ќе цитирам од извештајот од 28 мај 2009. Прво вели информирање и консултација на работниците. Значи, корпус на директиви на оваа тема.

Второ, услови за работа и корпус на директиви. Потоа директиви за антидискриминација, директиви за здравје и безбедност на работно место,

тоа е корпусот на директиви која е наша домашна задача. Никаде не велат, а ќе го прочитам мислењето што се однесува до владин надзор и владин упад во начинот на одредување на репрезентативноста, посебно со тоа политичко влијание врз синдикалното здружување.

Значи словачките консултанти заедно со претставниците на Министерството за туд и социјална политика, откако договорија генерално приоритети ќе ми дозволите да ги прочитам:

Прво, во три фази да се измени Законот за работни односи, да се изготви закон за заштита на работниците во случај на несолвентност на работодавачот, да се измени Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, прилагоден со директивите, измени во областа на здравје и безбедност, и петто сакам да потенцирам сите останати прашања да се решат, страна 2.

Ако веќе во согласност со времето за термините за преземање на овие чекори веќе е изготвена и затоа сите се сложивме прва фаза за измена на Законот за работни односи, жалам што не дојде во Парламентот. Меѓутоа останаа три отворени прашања меѓу кои второто ќе го цитирам: Експертите за твининг програмата велат: "Сите прашања за владин надзор треба да бидат регулирани со јавни закони а не со Законот за работни односи". Аргументите на Министерството за труд и социјална политика се цитирам: "вклучувањето на прашањата од јавното право во Законот за работи е буквално резултат на традицијата на земјата на Република Македонија и второ политички прашања упатени од социјалните партнери". Зарем така сме се резилеле пред сериозни партнери кои се обидуваат да ни го подобрат трудовото законодавство. Ова го пишува.

Она што е многу битно, овој Нацрт предлог измени на закон ќе се дискутира со социјалните партнери на конференцијата во јуни во Охрид. Досега слушнав различни претставници на синдикалните организации кои не убедуваат дека не дошло до таква средба. Маана на овој Предлог закон за измени е тоа што не биле вклучени социјалните партнери согласно постојниот закон, кој облигационо ве тера при измена на закон да ги консултирате и писмените забелешки до нас пратениците да ги доставите. За тоа веќе говореше, нема да ја исцрпувам таа тема.

Она што сакам повторно како една реченица да го нагласам е дека се очекува конечниот извештај од твининг програмата пред Владата да биде

во септември о.г. Па зошто брзавте во септември о.г., па зошто брзаме во август, кажете ми. Зошто се овие измени, која е крајната цел. Крајната цел се разбира е каменот на сопнување на одредување на репрезентативност. Иако досегашниот закон кој божем го подобрувате се согласувам дека треба да се намали квотата. И спремни сме да разговараме. Но вие не ја усогласувате квотата, вие го усогласувате начинот, ингеренциите кој ќе ја одредува репрезентативноста. Ако до сега тоа беше судот, сега тоа ќе го прави, министер, Владата, односно министерот, односно Комисијата што ќе ја направи министерот за труд и социјална политика, составена од девет претставници на министерствата. Знаете каде предвидувате жалба околу спор за репрезентативност кој ќе решава? Владата. Досега решаваше судот во брза и итна постапка. Барем како што е одредба на постоечкиот закон од 2005 година. Не е точно почитуван претставник на Министерството дека, Меѓународната организација на трудот направила голем проблем и барала итни измени, бара измени во три члена. Член 212 каде што се услови за репрезентативност на синдикатот. Член 213 услови за репрезентативност на здружение на работодавачи и член 219 тоа се страни за склучување на поединечен колективен договор. Тоа го бараш, ама вие овде ни изменувате корпус на членови, кои дефакто овозможуваат груб политички упад на Владата во она што значи уставно загарантирано право на слобода на здружување, заради остварување на личен интерес. Го рушите не концепцотот на постоечкиот закон, го рушите концептот на социјалниот дијалог во Република Македонија. И ако до сега ни забележуваа што доцниме со вклучување на економско социјалниот совет кој е замислен како тројно партнерство, ама рамноправно, сега вие тоа го ставате во ексклузивитет на Владата. Знаете како ќе изгледа спорот за репрезентативност? Кога политичко тело, орган како што е Владата одредува за репрезентативност му дава ексклузивно право на некој од Синдикатите да може да биде социјален партнер. Другите ве остава на страна. Спорот кој ќе го реши? Повторно Владата. Мислам дека имаме сериозен проблем ако не продискутираме многу отворено за можните последици. Првата можна последица еве ја. Ако општиот колективен договор за јавниот сектор е склучен на 21 јануари 2008 година со важност од две години, значи до 2010, кажете ми што се случило на 25 јуни 2009 година. Па знае ли некој, сме чуле ли на телевизија дека е изменет?

Скратени се работнички права во поглед на правото на зголемување на плата на работник по основ на прекувремена работа, работа ноќе, работа во три смени и работа во ден на неделен одмор, празници и неработни денови од 35% на 29%. Правото на работа во три смени досега носеше 5% додаток на плата сега 4%. Правото за работа во денови на празници неработни денови ако до сега се зголемуваше со 50% сега е 40%. Колективниот договор е објавен во Службен весник на Република Македонија 85/2009, тајно, потпишан меѓу, од една страна, министер за труд и социјална политика Џелал Бајрами, од друга страна, претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати. Не чув, не прочитав дека ова се случи. Знаете колкав е бројот на работници што не знаат дека веќе во сила им е намалувањето на правата на остварување на додатоци на плата по овие 4 основи.И ние ќе велиме дека подобруваме права? Не е така, со вашиот закон не е така.

И за на крај ќе го соопштам ставот на Социјалдеморкатскиот сојуз. Ние природно сме врзани, согласно својата платформа и идеологија, со оваа тема. За нас трудовото законодавство е составен дел на нашата платформа. Во принцип сме секогаш за зголемувањето на правата на работниците, во поглед на условите за работа, здравјето и безбедноста, со претпоставка дека водат до зголемување на продуктивноста на трудот, со тоа ќар имаат и работодавачите и така конечно се остварува економско социјален развој и напредок. Никогаш нема да поддржиме принципиелно, прво, кратење на работнички права и тоа тајно, само со објава во службени весници. Знаете, кога зголемувате нешто од претставниците на Владата сме убиени, на секој момент ќе гледаме владини. . . ама кога го намалувате, тоа го правите тајно, тивко, ама записите остануваат, некој чита и службени весници.

Нема да го поддржиме овој предлог за измени. Ќе ги поддржиме доколку го вратите законот, ни ги вратите измените во поглед на Директивата што се однесува за подобрување и услови за работно време, седум членови се. Се друго, без да заседаваат на рамноправна основа трите партнери од Економско социјалниот совет, без јавна расправа во која ќе вклучиме експерти, нема да ја добиете нашата поддршка. Значи поддржуваме, немаме дилема, во интерес на подобрувањето на плурализмот во синдикатот намалување на квотата од 33% надолу, би

разговарале. Се друго што значи политички упад во слободата на здружување на синдикатите не само што не го поддржуваме, ќе бидеме многу гласни дека на страна од партизацијата што се случува во сите сектори, сега на ред дојдоа и слободните синдикални организации. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Има збор господинот Тито Петковски, а потоа Лидија Димова.

**Тито Петковски:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Дами и господа, почитувани пријатели,

Дозволете прво една дигресија. Неодамна расправавме за Законот за државни службеници, овде немаше место да се седне. Во салата беа министерот, заменикот министер односно заменикот премиер, 10 камери итн., а сега состојбата е поинаква. Тоа ништо друго туку говори како власта ја сфаќа оваа сфера, како го сфаќа трудот и како ги сфаќа работните односи. Овој закон во првото читање го нареков закон за растурање на синдикатот. И не случајно некој прашува овде зошто по брза постапка се носи, па се загрижи Владата која што својата поддршка ја темели исклучиво на државната администрација, и така очекува во иднина, и крајно го маргинализира и релативизира работникот односно трудот и улогата на работникот. За нив беше доста индикативно, некои проговорија дека ќе има жешка есен. Дајте побрзо ние да донесеме закон да го растуриме синдикатот и онака да внесеме конфузија, доволно има конфузија во сферата на работните односи и еве го законот по брза, по експресна постапка оди во собраниска процедура.



**Тито Петковски: (Продолжение)**

Иако некои пред мене укажаа колку тоа порано се укажувало дека законот треба во текот на идната година  и врз основа на темелна подготовка од социјалните партнери. Јас се согласувам. Ќе говорам исклучиво овде како член на Националниот совет за европски интергации а се разбира имам можност како пратеник во Собранието моите ставови и ставовите на мојата партија да ги презентирам. Гледано од тој аспект ние немаме европски закон,

ниту овој закон ги содржи европските вредности за уредувањето на работните односи, статусот на работникот, заштитата на работникот, правата на социјалните партнери, трипартизмот итн. Апсолутно не постои социјален дијалог. Државата нема шанси да направи нешто во оваа сфера до колку не ја игра улогата на балансер меѓу односите меѓу социјалните партнери, што значи на рамноправна основа како што исто така нема шанса да се направат реформи во оваа сфера, ако работникот, односно трудот не биде фактор на реформите. Нема шанса тоа да се направи. Ние импровизираме со години наназад. Самиот факт што овој закон претрпува толку измени и многу често го менуваме, па сега во ова со мобингот внесе дополнителна конфузија, парламентарното мнозинство дури подржа една измена на законот во процедура да влезе само еден член од Законот за работните односи, исто така говори колку го потценува прашањето на мобингот, колку го релативизира. Значи, ние апсолутно треба да имаме многу одговорен, конструктивен пристап кон оваа проблематика, ако сакаме нешто да промениме. Можеби ќе изгледам смешен, меѓутоа 45 години живеам во услови на трудов капитализам, 19 години живеам во услови на паричен капитализам. Непомирливи се сферите меѓу капиталот и трудот. Ако сакаме да направиме исчекор во сферата на работните односи и комплетно во оваа сфера треба да ги користиме само евопските стандарди. Неколку години наназад ги проучувавме искуствата на некои најразвиени земји, видовме каква е состојбата со работните односни во "Фолсфаген", една од најуспешните фирми во светот која што немаше никакви последици во услови на глобална криза. Знаете до каков заклучок дојдовме? Таму работниците, односно трудот и капиталот тој што ги дава парите имаат рамноправен статус и односи. Значи, работниот однос се заклучува врз основа на заеднички интерес. Овој што има пари да партиципира со парите, со капитал, а работникот со трудот формираат односи, ризикот го поднесуваат заедно, го делат профитот и учествуваат во поднесувањето на ризикот за евентуална загуба. Значи, треба да создадеме услови, не денес само парите да бидат основ за создавање на нова вредност, туку објективна и трудова. Тоа е малку тешка работа, ама не измислуваме топла вода, ако ги земеме искуствата од најразвиените земји, а ние токму тоа имаме обврска да го направиме.

Второ, Република Македонија треба да си ги почитува актите што сама ги усвои. Во 2003 година ова Собрание ратификува европска социјална

Повелба, односно Спогодба. Од таа Спогодба произлегуваат обврски на државата за достоинство на трудот, за правата од работниот однос. Кај нас имаме реверзибилен процес наспроти она што се случува во Европа, се зголемуваат правата на работникот од работниот однос, кај  нас имате рестрикција. Зошто? Затоа што така му одговара на некој. Значи, маскимално е потценет трудот и работникот како никогаш досега во поновата историја. Луѓето во Република Македонија кои што работат во текстилната индустрија мислам дека се под нивото на шведските ткаачи. Тие работат во неподносливи услови од хигиено технички, од организација на трудот без никакво работно време. Трудовата инспекција се сеќавате ли некаде да влегла? Гинат работници на градилишта. Во Куманово доаѓаат преваранти по два месеца, по две години им ги земаат парите, работниците штрајкуваат. Во Шеќераната  во Битола  штрајкуваат. Што ќе направат?  Државата им подготвува штрајк во Ехери во договор со капиталот, со парите. И тоа уште повеќе ги понижува луѓето. Значи, никогаш во Република Македонија не бил работникот и трудот во полоша ситуација отколку што е тоа денес.

Во овој закон ако сакаме да ги регулира малку односите  треба да ги поставиме на европско ниво. Некој пред мене говореше, јас само ќе потенцирам она што не беше многу потенцирано. Трипартизмот мора да се засновува на рамноправни основи. Апсурд е, мислам анахроно е да имате вие тројца партнери: државата, работодавачите и преставниците на работниците во името на синдикатот, да бидат рамноправни , ама најрамноправно ќе биде Министерството односно Владата на Република Македонија. Тоа нема никаква гаранција. Некој рече пред мене дека никогаш министерот за труд не го свикал економско социјалниот совет. Па нема интерес, тоа не му одговара. Тоа не и одговара на Владата. И ако не создадеме односи во законот тие да бидат рамноправни, ако и натаму за се одлучува министерот за труд, па во втора постапка гледам и за приговорите околу Комисијата итн., па Влада, ставете крст, од таа работа не бива ништо. Ние тоа го имавме до сега. Значи ни треба нешто ново, ни треба содржина. Ако собереме храброст, енергија да признаеме дека трудот е најмногу потценет како никогаш до сега во Република Македонија, дека правата од работниот однос се полоши од било кога во нашата историја, тогаш како одговорни луѓе ќе седнеме, ќе направиме текст на закон што ќе оди во пресрет на очекувањата на нашите партнери од Европската Унија. Значи, да го користиме нивното искуство.

Да заклучам, јас ќе имам можност многу повеќе, се разбира и како пратеник во Собранието да кажам, од ова место говорам, бидејќи ги гледам луѓето и од Комората и од Синдикатот. Ќе побараме и поддршка да дојдеме, да им објасниме како ние ги гледаме работните односи, како ние ја гледаме реформата во работното законодавство, па можеби ќе стекнеме и некоја поддршка. Ова за нас е апсолутно неприфатливо. Овој закон внесува дополнителна конфузија, а не решава ништо дефинитивно. Значи, не само политичка волја. Мислам дека овде има страшна манипулација, или намера за манипулација и понатаму да продолжи трендот кој што во моментов за овие три години за власта е мошне продуктивен.

И конечно, мислам дека Европската Унија, односно Европската Комисија не инсистира ние овој закон да го донесеме на врат, на нос, како што ни ги спомнаа оние други закони за бенчмарковите итн., Законот за државна администрација, Законот за финансирање на политички партии и Законот за Собрание, овој не е. Да седнеме во една трезвена атмосфера, да ги видиме сите поглавја, да ги видиме сите членови и одговорно да видиме какви импликации во односите создаваат сите од нив и дали одат кон унапредување на работните односи, односно на односите во оваа сфера, или одат кон назадување. Јас сум сигурен дека читајќи го овој текст ние ќе имаме апсолутно уште полоша, многу полоша положба на работникот без никаква заштита бидејќи дефинитивно со овој закон се внесува конфузија и онаа мала заштитата што ја имаа работниците од синдикатот, таа повеќе нема да постои. Синдикатот се растура дефинитивно на начинот на кој што е тоа уредено овде, а кобајаги е чекор напред, или во договор со европските партнери. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Има збор госпоѓа Лидија Димова, повелете.

**Лидија Димова:**

Благодарам.

Јас ќе се надоврзам на дискусијата на господинот Петковски. Ќе се обидам да одговорам на прашањето зошто има потреба и дали Европската Унија го очекува овој закон од нас. Ако се сеќавате на извештајот, го чекаме новиот извештај за 2009 година, ако се сеќаваме лани кои беа забелешките на извештајот, а притоа исто така да водиме сметка што предвидува пристапното партнерство, значи тоа ни кажува што очекува Европската Унија

ние да го сработиме, а исто така да ја разгледаме и националната програма за преземање на европското законодавство, ќе видите дека овој закон го нема никаде предвидено. Зошто тоа го зборувам. Во 19-тото поглавје во делот на трудовото законодавство забележани се само 4 проблеми во извештајот, зборувам за 2008 година. Вели, законодавството се уште не е регулирано во сите форми на вработувања. Дали со овој закон тоа ќе го решиме. Тоа е првото прашање.

Второ, инспекторатот се уште не е опремен, станува збор за опрема. Тоа е во  извештајот за 2008 година.

Трето, недоволна координација меѓу институциите со овие дисуксии сега што се случуваат од една институција на друга мислам дека докажуваме дека координацијата не се подобрила.

Четврто, мал административен капацитет. Бидејќи трудовото законодавство е многу комплицирано и тоа е признато од оваа држава многу поодамна, значи уште во 2005 година се знаеше дека не знаеме од каде да почнеме. И не случајно во КАРДС 2005 - 2006  година водете сметка твинингот е КАРДС 2005,2006 испрограмиран. Значи тогаш бевме свесни дека ова е комплицирано и дека ни треба помош од нашите партнери од Европа да дојдат да ни помогнат, да ни кажат од каде да почнеме и каде да завршиме. Зошто? Прво, треба да знаеме што предвидува европското законодавство. Второ, треба да знаеме која е практиката, судската практика е многу битна во делот на работните односи. За тоа немаме експертиза во државата. Трето, треба да знаеме каде одиме, што е она. Можеби нашите работнички права биле, да кажам и пообемни во периодот на бивша Југославија, во социјализмот. Можеби требаше да се кратат, од каде да знаеме, кога не знаете што е она кон кое се стремите. И затоа не случајно беше предвидено да имаме твининг проект. Сега, во твининг проектот според Националната програма на Владата што неодамна ја дискутиравме тука, се вели дека следно ќе сработи изготвување на кореспodентни табели за европските директиви и за информирање на работниците за условите на работа, подготовка, план  за транспонирање на директивите врз основа на извршената анализа на постоечките одредби, формирање совет за мирно решавање на работни спорови, јакнење на националниот капицитет на Министерството  за труд и социјална политика и инспекторатот. Значи, ако ние сега да покажеме дека Министерството има дополнителен капацитет

затоа што имавме твининг проект, поминале низ безброј обуки. Тоа е целта на твининг проектите, институционалната надградба. Во овој момент кога ние излегуваме со измени на закон кој што не доаѓаат од консултантите од твининг проектот ние си правиме лоша услуга. Тогаш, ние покажуваме дека џабе сме имале твининг проект кога основната лекција не ја разбравме, бидејќи едно предвидовме во нацоналната програма, а друго сега правиме, а трето се препораките од твининг проектот. Само за потсетување. Ќе прочитам каде одиме, што е пристапното партнерство. Прво вика, натамошно транспонирање на аки, значи на законодавството, второ е обезбедување на административен капацитет за спроведување на политиките социјална вклученост и социјална заштита. Трето, обезбедување на функционален и репрезентативен, социјален дијалог. Четврто, натамошни напори за подобрување на состојбата на лицата со посебни потреби. Овие се краткорочните приоритети. А среднорочните се развој на постојан механизам за социјален дијалог, развој на долгорочни политики за социјална вклученост и подобрување на пристапот на пазарот на трудот за ранливи групи и натамошно подобрување на политиките за социјална заштита. И последно е развој на механизми за следење на состојбата на лицата со пречки во развојот. Ако ова го оценува Европската Комисија, а ќе го оценува бидејќи се знае што гледа Европската Комисија кога ги пишува извештаите, ние повторно никаде не сме. Да ве потсетам дека годинава повторно нема да има Македонија ново пристапно партнерство, а оваа држава памети периоди кога на секои две години добивавме нови задачи и ги сработувавме. Ние три, односно четврта година ќе бидеме со истите овие задачи и ако разговарате со Комисија кога ќе прашате како тоа нема ново партнерство, ви викаат, па ова не е сработено. Ама ние дополнително на тоа си вадиме нови работи. Значи менуваме закони кои што немаме потреба. А законот за антидискриминација што ни е услов исто така и за визната либерализација, каде што добивме четворка, ако се сеќавате, некаде е заглавен, не знам каде е. Беше тука, се дискутираше, па сега го снема. Исто така, како тој ќе се рефлектира особено ако ги гледаме во контекст на препораките што госпоѓата Бендевска ни ги прочита тука од твининг проектот.

Значи, она што конечно сакам да го кажам е дека понекогаш нашите брзоплети потези, независно од која институција доаѓаат, самите на себе си правиме лоша оценка многу лоша услуга си правиме. Затоа што ако јас сега ја

слушав сета оваа дискусија со ушите на некој од Европската Комисија, јас ќе кажам, парите од твинингот отидоа за џабе, основна работа не сфатија. Значи, ние џабе правевме кореcподентни табели, џабе ги правевме списоците, ништо од тоа не е сфатено. Од каде сега излезе ова, итн.

**Радмила Шекеринска;**

Благодарам госпоѓа Димова.

Дозволете ми да земам учество во дускусијата. Следен за збор е Фани Каранфилова Паневска.

Јас би сакала прво да направам една мала корекција, а тоа е дека овој закон за работни односи беше планиран со Националната програма за усвојување на европското право донесена пред неколку години, а потврдена и во април годинава од страна на Владата. Единствен проблем е што планот беше овој закон да влезе во процедура на 30 април и да биде усвоен во Собранието до 30 јуни. За жал, ова не се случи и затоа сега сме доведени во ситуација да брзаме за да колку толку да се фатат некои рокови.

Меѓутоа, она што мислам дека е поважно, е што во Националната програма со право било предвидена уште една измена на Законот за работни односи оваа година која што се поклопува со денешниов термин и ако погледнете во таа Национална програма во тој закон треба да се вградат 34 ЕУ мерки. 34 директиви треба да се вметнат во содржината, а во овој само една. Што е проблем на овој закон, што таа европска директива која што треба да биде зелено светло за да помине целиот закон без многу да го читаме е директива која се однесува само на првите 7-8 члена. И ништо повеќе. Значи, 7-8 од овие членови се реално европски, некои се согласувам се несоодветно преведени и затоа ќе споменам неколку реченици, а останатите 47 се наш македонски зачин. Тие 40 и кусур останати закони по мене се неевропски и тие можат да ги загрозат барањата многу поважни кои што пред нас ги поставува Европската Унија, а тоа социјалниот, економско социјалниот дијалог да функционира подобро. Нема дилеми, јас денеска, ниту претходно на дебатите не чув никаква дилема околу тоа дека во Република Македонија е добро да имаме прво, плуралност во синдикалното организирање, бидејќи ние плурално се поведовме и кај партиите. Инаку ако нема потреба од повеќе понуда немаше да има потреба од повеќе партии. Значи слично е и со синдикатите. Треба да има здрава конкруренција, ама слично како и кај партиите мора да има и здрава легислатива и да се знае

процедурата и да се знае дека тој тип на синдикално организирање ќе биде одлука на работниците, а не на нивните тутори. За жал, тенденцијата во законот не е да се дефинира како еден синдикат ќе биде репрезентативен. Добро би било тоа да е така, но за жал единствената интенција на законот е денес да ги зголеми ингеренциите и правата на министерот, а утре уште повеќе да ги намали правата на работникот. И затоа сметам дека носењето на законот во ваква избрзана процедура со ваква содржина навистина е опасно. Тенденцијата на дефинирање како синдикатите ќе ја организираат својата работа е водена од принципот кој секој ден го гледаме во Република Македонија, подели па владеј. Ако синдикатите се расцепкани на ниво на фирма не како што се денеска, јас мислам дека денеска постои на некој баланс на здрава кокуренција и квалитет, па работниците можат да бираат. Ама ако синдикатот го сведеме на организирање и правни лица во секое село и секоја општина , знаете со која сила тој синдикат ќе може да преговара со големите фирми или со Владата? Никако. Тој синдикат нема да постои како што не постои во 60 илјади фирми, како што не постои во голем број на општини. Пред некој ден кога ми се јавуваа од Гевгелија околу отпуштањата во образованието и кога им реков, знаете како колективниот договор од синдикатот ве штити, обратете се до синдикатот. И вели, во Гевгелија не ни има синдикат. Е сега ние ќе им речеме, мора да имате во Гевгелија синдикати и ќе сметаме дека ќе преговараат на локално ниво. Мислам дека апсолутно се залажуваме и создаваме идни проблеми кои пак ќе треба да ги решаваме со измени во законот. Меѓутоа сакам на таа тема да ви обрнам внимание на членот 31. Членот 31 токму се однесува на колективните договори и многу е интересен ако го прочитате. Едниот став се менува, другиот се додава. Вели вака: општиот колективен договор за приватниот сектор, од областа на стопанство се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и за вработените во приватниот сектор.

Логично, ова ми звучи логично. Ако го прочитате вториот став ќе видите: општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за вработените во јавниот сектор. Јас во прв момент не го забележав ова, бидејќи сметав дека е повторување на истиот член. Замислете сите мора да го почитуваат колективнит договор, само Владата не мора. Сите работодавачи, најситната фирма која утре се бори да исплати

плата, па можеби заради кризата, не може да го направи, сите мора да го исполнуваат, ама Владата никогаш не мора.

**Радмила Шекеринска: (продолжение)**

Сите работодавачи, најситната фирма која се бори утре да исплати плата, па можеби заради кризата не може да го направи, сите мора да го исполнуваат, ама Владата никогаш не мора. Тогаш ни стана она што се случува во образованието. Владата, дел од општините, соодветните структури во образованието не ни чувствуваат потреба дека тој општ колективен договор што го потпишале, треба да го спроведуваат. Се доведовме во ситуација за неспроведување на колективен договор да имаме не тепачка, туку пукање во нашите училишта. Ги викаме децата да дојдат да се образуваат и да се воспитаат, а ние таму кажуваме дека со пиштоли се добива правдата, или се расчистуваат конфликтите. Значи, мислам дека ова е еден крупен проблем и во сегашниот закон.

Втората работа која сакав да ја спомнам е дека дури и во тие седум членови во кои наводно се презема европското законодавство, навистина се прават крупни суштински грешки. Мислам тоа беше спомнато од страна на претставниците од синдикатит меѓутоа сакам самите да го прочитате за да се уверите какви грешки правиме во чекори заради тоа што брзаме со законите и заради тоа што сме заборавиле што ни била целта со законот. Прочитајте го тоа во кореспондентната табела, на крајот на табелата, кој бил текстот на Европската директива. Еве што вели Европската директива: "минималното време на платен годишен одмор не може да се замени со надоместок освен кога е прекинат работниот однос". Што сака да каже Директивата? Сака да каже дека не може одредена фирма, заради тоа што во моментов смета дека работниците и се неопходни, да им каже дека оваа година нема да одите на одмор туку ќе ви дадам пари. Во македонски услови знаеме што се случува. Тие пари се илјада, две илјади, три илјади денари, а остануваат без загарантиран, со Устав и со закони, гарантиран годишен одмор. Видете како кај нас, во наводници, ја превеле оваа одредба. "Работникот по престанување на работниот однос има право на обештетување на неискористениот дел од годишниот одмор". Навистина ли Владата смета дека ние нема да ги прочитаме кореспондентните табели? Ова воопшто не го обврзува работодавачот да им обезбеди на вработените реално право на годишен одмор туку само вели, ако си отидеш неколку дена со неискористен годишен

одмор тоа ќе ти го исплати работодавачот, што е добро, ама не е доволно. Значи вакви грешки и вакви проблеми навистина има многу низ целиот закон, меѓутоа главниот проблем во сево ова е дека тргнуваме од обратно. Согласно Програмата на твинингот и словачките експерти точно ни кажале каде се приоритетите и тие не мислат дека се ова приоритети. И тие кажале кога зборуваме за Законот за работни односи треба да водиме сметка да се земат предлози за колективни отпуштања, значи проблем број еден за Македонија. Можеби во Шведска немаат проблем со колективните отпуштања иако и сега од време на време, ама во Македонија колективни отпуштања секој втор ден ги гледаме на телевизија и ние не носиме закон тоа да го решиме, кои се правата на работодавачите, да им ги доисплатат преостанати средства за социјално и пензиско, а не да шетаат луѓе со години неплатени придонеси. Не сме зборувале за трансфер на вработени од едно на друго место. Не сме внеле одредби за информирање на работниците за нивните права. Не сме влегле во измени за законот за да правата за безбедност, здравје бидат гарантирани, него ние почнавме од тоа како министерот повторно со уште еден потпис и печат ќе им дава сега на синдикатите потврда дали се репрезентативни или не, ако претходно му дадат не список, пристапници. Пристапници треба да им дадат за секој член поединечно. Сметам дека имаме објективен хендикеп, мислам дека тоа што особено министерот за труд и социјална политика не е денес на јавната расправа, се согласувам со колегата Петковски, тоа испраќа политичка порака, дека е ова закон од кој не се гордеат, туку кои што сакаат брзо на врат на нос да го поминат во Собранието. И претпоставувам затоа министерот не дојде ни на телото матично за овој закон. Да се менува Законот за работни односи без економско социјален совет и консултации со економско социјалните партнери, да се менува Законот за работни односи сериозно без министерот да дојде во Собранието. Па еве, да кажам, можеби навистина му е непријатно бидејќи секој ден говорат дека ќе биде реконструиран, но тоа е тоа. Медиумите се тука да говорат, а министрите се тука да си ја исполнат својата задача. Се обидов да дознам на МИА дали има денеска некоја обврска или делегација во Министерството кое што го спречило министерот и заменикот да не дојде, нема. Ама вака да се избегнуваат јавни расправи мислам дека е некоректно и мислам дека ќе резултира со полош Законот за работни односи и се надевам дека ќе имаме поддршка и од страна на пратениците од парламентарното

мнозинство барем еден дел од овие сугестии што ги чувме има одредби на законот со кои не се согласуваат ни синдикатите, ни работодавачите. Јас не знам во чиј интерес е тие да останат. Ако тие барем не ги промениме, мислам дека ќе покажеме дека сакаме да слушаме ама ништо не сакаме да прифатиме. Благодарам.

Следна за збор Фани Каранфилова Пановска, а потоа Миле Бошков.

**Фани Каранфилова Пановска:**

Господинот државен советник кажа дека клучниот мотив за носење на предлог измени за овој закон се всушност хамонизацијата со европското законодавство и ако е така јас се прашувам исто како дел од претходните говорници, зошто Владата не ја исчека анализата која што се готви во рамки на твининг проектот заедно со нашите словачки партнери. Дел од нацрт верзијата на анализата е готова и таму се точно идентификувани областите во кои што се бара Македонија да направи промени во Законот за работни односи односно да се приближи кон Европската унија. Ова што овде денеска го имаме како хартија, апсолутно се сложувам во 90% не е тоа. Не почитувањето, односно не искористувањето реално на она што се прави со твининг проектите може да ни направи огромна штета. Значи една е штетата и таа е несомнена што ние дефакто не правиме апроксимации приближување, туку правиме одалечување, а втората штета знаете што е твининг проект, што само знае поголемиот дел од вас овде, тоа кога претставници на институции на државите членки заедно со нашите институции овде работат на анализа на законски решенија или на подобрување на административниот капацитет на одредени институции во државата. Тоа значи дека тие оттаму во случај како Словачка се дојдени овде во Македонија влезени во Министерството за труд и социјална политика имаат увид во сите документи и на крај излегува дека ние со овие  написи како што ги читаше госпоѓата Бендевска апсолутно оставаме лош впечаток надвор кај земјите членки, а тоа потоа циркулира во Брисел итн. Значи втората штета што си ја правиме е тоа што за тој твининг проект средствата излегува сме си ги искористиле залудно колку да кажеме дека не учествуваме во твилинг програмата, а практично тоа што ни е останато како некаков капитал или резултат, нема кој да го земе како такво. Нема да должам понатаму. Сакам да не си правиме лоша услуга на нашата држава. Преговорите и во идеална ситуација да ни се случат многу брзо ние ќе имаме огромни проблеми. Ние наместо да ги подобруваме нашите законски

решенија, наместо со сиот овој труд и време што се губи да направиме реално приближување ние правиме одалечување. Ние правиме во случајот со овој закон  денеска директен упат во слободното  организирање на синдикатите и во тоа сум убедена и она што ние не го правиме не правиме подобруваме на социјалниот дијалог. Не може да се случи да Советот за економски и социјален дијалог не биде свикан повеќе од година дена. Не може да имаме ситуација да викаме Македонија е држава кандидат во која што во ситуација на подготовка на вакви закони и работа на различни комисии да социјалните партнери не бидат повикани. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Имаме уште двајца пријавени за збор, така што ве поттикнувам ако другите сакате да се вклучите, да се пријавите.

Миле Бошков од Конфедерација на работодавачи на Република Македонија, а потоа Раско Мишковски Конфедерација на слободни синдикати, повелете.

**Миле Бошков:**

Благодарам.

Јас би обратил внимание на суштината односно вие госпоѓо претседателке почнавте со дали да биде ова дебатен клуб или дали да разговараме реално и колку ќе имаме влијание да се измени законот  односно дали ќе го попречиме да се донесе во Собранието или не. Меѓутоа се чуствувам должен да објаснам дека за да може да се донесе законот треба прво да разговараат социјалните партнери и кога разговараат социјалните партнери треба обично или во нормална ситуација да бидат регистрирани како социјални партнери во економско социјалниот совет. Економско социјалниот совет кај нас во Македонија е донесен според спогодба во 2004 година, 1996 година,  меѓутоа е обновен е 2004 година, фала на поправката кој  што е составен од три тела од кое едно тело беше регистрирано 2006 година, според новиот Законот за работни односи. Значи имаме виртуални партнери можеби и тоа е одговорот зошто го немаме функционирањето на економско социјалниот совет и мислам дека можеби е подобро, не знам дали јајцето или кокошката што е постаро, можеби е потребно да се ризикува иако е доста суштинско прашањето, да се ризикува дали да се прифати законот за да можеме да влеземе во трка за репрезентативност или вака да си дебатираме и да бидеме повикани како декор било каде во трипартитен дијалог каде што

ќе ни се случуваат закони, членови, итн, каде што ќе бидеме обременети со големи казни. На пример, еве еден од членовите на Законот за работни односи каде што нема да можеме да влијаеме. Едноставно декорот нас веќе не ни е потребен, стануваме безпредметни односно ние сме организација на работодавачи не сме единствена, се регистрираме, уживаме голема репутација во Европа, ја преставуваме Македонија на најсилен и најквалитетен можен начин, меѓутоа тука сме многу слаби поради законските одредби. Јас би ризикувал навистина за да влезам во натпревар за репрезентативност само за да може да дојдеме до суштинско решавање на проблемите од економско социјалниот совет да можеме да приготвиме закони за пратениците во Собранието по редовен пат по препораки на меѓународни организации на труд и Европската комисија, а не да произведуваме и да произлегуваат членови и амандмани од пратеници кои можеби имаат сосема друго суштинско значење во Парламентот во Македонија, а немаат ни основно познавање од мобинг или работни односи и прекувремено работно време или не знам што. Така да ја доведуваме јавноста пратениците во заблуда дека тие се тие што треба да одлучуваат и кои треба да го донесат законот и членовите по законот и амандманите. Напротив треба да разговараат експерти, засегнати страни во работните односи, работодавачи, Влада и работници и потоа да го предлагаме и поднесуваме до Собранието на читање или на процедурите. Така да мислам дека е време за ризик, јас не сум портпарол на Владата, меѓутоа време е за ризик за да можеме конечно да се справиме со решавањето на проблемите од економско социјалниот совет односно нефункционирањето е врзано со законот кој за нас и да се донел вчера повторно до решение ќе дојдеме после 6 месеци. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Раско Мишковски од Конфедерација на слободни синдикати, повелете.

**Раско Мишковски:**

Благодарам претседателе.

Јас би се надоврзал на колегата Миле Бошков околу значењето на донесувањето на овој закон, значи што поитно да се донесе тоа е подобро за сите социјални партнери од основ што согласно постоечкиот Закон за работни односи економско социјалнот совет не функционира баш од причина што согласно законот од 2005 кој е донесен во составот на економско социјалниот

совет не се соодветни институции кои што треба да го содржи економско социјалниот совет. Зошто ова го кажувам, бидејќи ова претходно што го кажа и колегата Миле, спогодбата за составот на економско социјалниот совет е пропишана 1996 година која што и последен пат е продолжена, мислам дека е 2004 година која што е сепак спогодба потпишана пред да се донесе Законот во 2005 година.

Јас и на седницата за труд и социјала истакнав дека доколку се рекомпонира економско социјалниот совет ниеден од социјалните партери, а тоа се ниту синдикатите, ниту работодавачите не би имале тој процент кој што е во сегашниот закон од 33% бидејќи после 2005 година требаше да се докаже репрезентативност и на синдикатите и на работодавачите. Организација на работодавачи односно организацијата на работодавачи, знаете дека, мислам дека и колегата Миле Бошков се формирани 2005 или 2006 година, значи после донесување на овој закон и од тогаш наваму требаше исто како и Конфедерацијата на слободни синдикати која е формирана при крајот на 2005 година. Значи требаше согласно овој закон да се направи повторно репрезентативност за учество во трипартитниот односно во економско социјалнот совет. Се согласувам дека треба сите закони од сферата на социјалниот дијалог да поминат преку економско социјалниот совет, но да биде навистина соодветен составот на тој економско социјален совет. Јас реков и уште еднаш и ќе повторам во интерес на сите, мислам дека пратениците не знаат дека во овој момент мислам и тврдам дека ниеден од социјалните партнери не би го исполнил консензусот од 33%. Тоа можат и да го потврдат и претставниците на Министерството за труд и социјала.

Јас сакам да се навратам и на тоа како дојде до Предлог измените на Законот за работни односи.

Значи наназад некаде повеќе од година дена сите релевантни, значи регистрирани синдикати и организации на работодавачи беа повикани на првобитна расправа, откако беше направен Нацрт предлогот на законот за работни односи. Значи има сигурно повеќе од година дена. Јас морам да забележам на колегите од Сојузот на синдикати каде што истакнаа дека не биле консултирани. За жал, значи неколку состаноци имавме перманенти состаноци, особено како синдикати каде што не знам од кои причини од колегите од Сојузот на синдикати учествуваа различни особи кои што си носеа свои ставови.

Значи кога требаше да се изгради последниот став е тогаш почна одредени, значи навстина пофалба  до колегите кои што на последните седници доаѓаа на консултации во Министерството за труд и социјала, но претходно значи имавме повеќе од 5-6 средби во Министерството за труд и социјала каде што беа сите регистрирани синдикати. Јас можам да тврдам за синдикатите бидејќи имаше пооделно и со синдикатите и со работодавачите, а имавме и заеднички средби со работодавачите. Ова го потенцираа и го бараа и од меѓународната организација на трудот и минатата година имаше исто така во нивна организација, каде што беа претставниците од меѓународната организација на трудот каде што имавме една дебата во Стопанската комора на Македонија. Каде што инсистираа, значи инсистираа на реконпонирање на економско социјалниот совет. Јас уште еднаш ќе повторам значи, економско социјалниот совет може да се реконпонира доколку се направат измени во законот на репрезентативноста. Јас сега исклучиво ќе говорам во делот на репрезентативност. Мора да се направат измени во Законот за репрезентативноста и да профункционира економско социјалниот совет.

Јас исто така ќе се навратам на некои кажувања од присутните овдека дека со донесувањето на овој закон се растура синдикатот. Не знам што значи тоа синдикат. Бидејќи во Македонија има повеќе синдикати. Би сугерирал да каже дека синдикатите. Треба да ги растурат некои од синдикатите. Синдикатот ако потенцираат на некој синдикат, тоа е веќе нивно мислење. Значи синдикатите би се растуриле, ако стварно се донесат некои измени во законов кој што е предложен со кој што навистина би се растурило. Тука пред се, се мисли дека доколку синдикалните организации се правни лица, се растура синдикатот. Па замислите и сега се правни лица. Секоја синдикална организација си има своја сопствена жиро сметка. Значи тоа е правно лице. Со овој закон сега се формулира дека Синдикатот, се кажува дека секоја синдикална организација е правно лице, но во вториот став ќе видите дека синдикална организација се регистрира по барање на синдикат на повисоко ниво. Значи на барање на градските синдикати.

07/1.- ПЈ/МП

**Раско Мишковски: (Продолжение)**

Значи, ниедна синдикална организација не може да се регистрира доколку грантски синдикат не побара регистрација на таа синдикална

организација. Зошто не ги толкуваме онака како што е напишано во Законот за работни односи. Очигледно некој сакал овој закон да тапка во место и да не се донесе.

Исто така, беше искажано мислење дека репрезентативноста се утврдува во судовите. Зошто во судовите? Ние баравме и натаму ќе бараме да има нови закони каде што ќе се регулира дали тоа ќе биде тоа тематски закон кој што ќе се регулира Синдикат, колективно преговарање, штрајк и минимални плати и каде што ќе се утврди регистрацијата да се прави во судовите. Во моментов регистрацијата се прави во Министерството за труд и социјална политика. Нема зошто да расправаат во тој дел. Јас можам и да ви кажам како пример во 2003 година кога еден од колегите кој што насилно беше променет во Синдикатот, се жалеше во судовите каде што му рекле немаме надлежност како суд да расправаме по синдикатите. Вие сте регистрирани во Министерството за труд и социјална политика и таму треба да си ги барате вашите права. Значи, доколку се регистрираме во судот, тогаш треба да си ги бараме нашите права во судот, во делот на репрезентативноста.

Исто така, спомнато е дека со овој закон се намалуваат правата на работниците. Зошто? Јас не видов ниедно намалување на правата на работниците доколку се утврди начинот на докажување на репресентативноста на Синдикатот. Кажете поконкретно во кој дел е намалувањето на правата на работниците согласно овој закон. Претежно овој закон повеќето ги регулира начинот на докажување на репрезентативноста. Исто така, не можам да се согласам односно се согласувам со колегата Драги кога кажа дека мора да се најде начин да не се крши Законот за работни односи, во делот на годишните одмори, прекувремената работа и празниците. Кој е виновен за тоа? Ние сме виновни, синдикатите затоа што не сме ги заштитиле правилно нашите вработени. Значи, тоа се регулира и сите надоместоци околу делот на прекувремената и празниците се регулираат со колективните договори, од општиот па до Колективниот договор на ниво на гранка и на ниво на работодавач. Ние како Синдикат ако не се заложиме да се почитуваат правата согласно тие колективни договори, не знам зошто е виновна Владата, некои други или Собранието. Најголема вина треба да сносиме ние како Синдикат.

Повторно ќе се навратам на она кога спомнав дека, тука некој од говорниците спомна, дека треба да се оди на тоа да се направи нов закон. Навистина, Законот за работни односи е многу... Значи, навистина треба да се најде можност каде што од тој Закон за работни односи ќе се најде излез односно да се направат повеќе закони, како што се, конкретно како што кажав и во делот каде што се уредува социјалниот дијалог, колективното преговарање и штрајкот во делот на синдикатите. Понатаму, сега имаше расправа околу мобингот и дискриминацијата, така што неколку повеќе од Законот за работни односи да излезат повеќе тематски закони. Исто така по дорективите на Европската унија и многу е битен закон, кој што е закон за информирање и консултирање на работниците. Заложба ќе биде понатаму на Федерацијата на слободни синдикати да произлезат овие закони.

На крај, должен сум да дадам едно објаснување, бидејќи бев прозван овде околу промената на општиот Колективен договор за јавниот сектор и да дадам образложение. Знаете дека од оваа година, од 1 јануари се исплаќаат бруто плати каде што надоместоците за храна и превоз се влезени во бруто плата. Со тоа се усогласени само коефициентите за процентот на зголемувањето на платите по основа на бруто плати односно по основ на регресот за храна и за превоз. Морам да истакнам, бидејќи овој колективен договор важи за јавниот сектор, има синдикати кои што се дел од Сојузот на синдикатите од јавниот сектор. На инсистирање на еден од тие грантски синдикати кој што се наоѓа во Сојузот на синдикатите и кој што имал потпишано Колективен договор на грантско ниво, па нели требаше да се утврдат и промени на коефициентите по основ на зголемувањето на делот на храната и превоз и на нивна замолница ние направивме корекција на делот на празнично, ноќно дежурство и за работа во празници. Значи, тоа е само усогласување на коефициентите врз основа на зголемувањето на платата по основ на додатоците за регрес за храна и за превоз. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Повелете.

**Лилјана Јанкуловска:**

Јас сум Лилјана Јанкуловска од Сојузот на синдикатите на Македонија. Дека интенцијата е да се растури синдикалното движење на Република Македонија односно да се расцепка не е она што се мисли дека синдикалната

организација е правно лице, како што рече мојот претходник, и дека тоа е регулирано и е во ред. Уште оди понатаму законот, повеќе ја вреднува синдикалната организација, отколку гранката и националното ниво на организирање. Во членот се вели, синдикалната организација на ниво на работодавач се стекнува со својство на правно лице. Значи, го нема она членство во гранка односно на национално ниво, со денот на упис во Централниот регистер. Додека пак гранката и Синдикатот на национално ниво се регистрираат согласно Законот за работни односи во Министерството за труд и социјална политика и се врши упис дури потоа во Централниот регистер. Кое право е дадено со законот една синдикална организација во едно претпријатие да биде дури и над гранката на Сојузот. Како може тоа да се дозволи. Тука е типично мешање во синдикалното организирање. Точно сега постои синдикалната организација и добива својство на правно лице, меѓутоа преку гранката, зошто имаме тогаш три вида на организирање. Зошто имаме три вида на колективно договарање. Се е тоа поврзано со синдикалното организирање и организирањето на работодавачите. Не смее синдикалната организација да си биде самостојба и да не биде врзана со гранката. Таа може, да, меѓутоа вака како што е, се стекнува со својство на правно лице со денот на уписот во Централниот регистер. Што е тоа, правно лице како трговско друштво? Мислам дека овие одредби треба и тоа како да се променат и да си го најдат правото место онаму како што треба да биде синдикалното оргнизирање.

Втора работа, ќе ми дозволите, вели - проблеми ќе има и во колективното договарање. Имаме општ колективен договор во приватен сектор во стопанството. Каде се тие претпријатија каде што се пола државни, пола приватни. Не се опфатени ни во јавниот сектор, не се опфатени ни во овој приватниот. За нив нема да важи колективниот договор, ќе ги оставиме така работниците и работодавачите? Или пак ваму, каде што е општиот колективен договор за јавен сектор, па викаме сите јавни претпријатија. Како сите јавни претпријатија? Ќе ги ставиме само јавните претпријатија кои се финансирани од буџетот, бидејќи овде ги кажува кои се ќе влезат во установи, државни органи итн во општиот колективен договор за јавен сектор.

Трета работа, економско социјалниот совет таков прав, неправ, крив, мора да се почитува одредбата од законот и да си функционира. На министерот е правото да ги прошири присутните на состанокот на економско

социјалниот совет и така ќе обезбедевме формата за донесување, за давање на мислења во однос на сите промени на закони што досега сме ги гледале, а не е едноставно да се стави точка на работата на економско социјалниот совет и министерот воопшто не сака ни да слушне за тоа да свика економско социјален совет. Ние ги почитуваме нашите колеги и расправаме за нашите проблеми и мислења што се тука, но тие се верувајте како неформални може да се рече состаноци. Ако е свикан од министерот, нема форма и тоа е како некоја расправа по однос на тие закони. И затоа, инсистираме и бараме да биде тоа се по основ согласно одредбите на Законот за работни односи. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Миле Бошков побара збор, повелете.

**Миле Бошков:**

Јас би сакал да обрнам внимание дека никако не можеме да влијаеме на слободата на здружување така да и минималното организирање на синдикатите на организациите на работодавачи мора да биде запазено така да може ли или треба да се направи исправка или модел за контролирање која организација синдикална или работодавач е активна и регистрирана, меѓутоа никако не треба да се скрати правото на слобода на здружување бидејќи е една од правилата на меѓународна организација на трудот и дел од конвенциите.

Што се однесува од економско социјалниот совет како што рече колешката Јанкуловска јас се сеќавам на моменти кога правото што го напомна колешката дека е право на министерот. Точно е дека е негово право меѓутоа имаше моменти кога колегите од економско социјалниот совет не сакаа да ја отпочнат дебатата доколку биде проширен составот на присутни на претставници на социјалните партнери кои се регистрирани на национално ниво на Македонија. Така да јас се надевам и време е и добро е пред јавноста, благодарен сум на Националниот совет дека време е пред јавноста да ги симнеме ракавиците. Повторно ќе напомнам да ризикуваме и да влеземе во ситуација каде што ќе се натпреваруваме за репрезентативност колку и законот да е лош, бидејќи е лош. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Последен за збор е Раско Мишковски, повелете.

**Раско Мишковски:**

Благодарам претседателке.

Јас сакам да го кажам она што сега конкретно Миле го кажа околу делот на ексклузивитетот на министерот за труд и социјална политика за функционирање на економско социјалниот совет и ние имаме такви сознанија дека еден од партнерите пак ќе кажам еден од партнерите кој што во моментов ги нема докажано репрезентативно согласно Законот од 2005 година не се согласува да се прошири економско социјалниот совет со други членови. И кога станува збор за вториот партнер значи Комората не е партнер, значи сугестиите од МОТ се дека коморите не треба да бидат партнери, како трет партнер треба да биде организација на работодавачи. Значи тука треба да ни е јасно а потписник на спогодбата е Комората. Видете има на сајтот на ССМ дека потписник на оваа Спогодба е Сојузот на синдикати, Владата и Стопанската комора на Македонија.

И, второ што сакам да забележам на колешката Лилјана она што и претходно го истакнав значи ако се читаат некои членови за во интерес на јавноста треба да ги читате до крај. И навистина би сакал децидно да прочитам што пишува во членовите 189 и 191 околу синдикалните организации. Значи синдикална организација на ниво на работодавач се стекнал со својство на правно лице со денот на уписот од Централниот регистар на Македонија. Не е спорно. Не е спорно. Синдикат. Значи вториот став пишува синдикат на повисоко ниво односно Здружение на работодавачите на повисоко ниво се стекнува со својство на правно лице со денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија а по претходен упис во Регистерот на синдикати односно Регистерот на здруженија на работодавачи. Тоа е вториот став. Овдека можеби по мене и по нас беше грешка што член 191 требаше да биде пред член 189 тоа го читам од постоечкиот закон односно член 23 и 25 каде што пишува, запишување во регистерот од овој закон се врши врз основа на барање на синдикат на повисоко ниво односно на здружение на работодавачи на повисоко ниво. Значи све е јасно. Не може ниедна синдикална организација да се запише во регистерот доколку или организација на работодавачи доколку не побара синдикат здружен на повисоко ниво.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Јас би сакала пред да му дадам збор на господинот Трајанов да споменам само неколку теми кои ги отворивме а можеби не ги кажавме сите аргументи.

Мислам дека е проблем ако велиме ајде да се бориме и да го отвориме натпреварот за здрава конкуренција колку и да е законот лош. Ако во тој ринг на конкуренција едниот стартува со две врзани раце тоа не е конкуренција и тоа е задача на институциите на државата да овозможи во бизнисот, кај синдикатите, кај политичките партии, утакмицата, натпреварот да е горе - долу фер и да се почитуваат некои правила. И затоа јас не ги споменав истите работи кои ги покренавме неколку пати на комисија. Не е спорно дека репрезентативноста мора да се уреди и не е спорно дека бројката мора да се промени. И тука мислам и таму постоеше консензус и овдека консензус. Единственото прашање кое јас сметам дека е многу важно ќе се покаже ако се применува решението дека е многу важно, е прашањето кој е оној кој ја утврдува репрезентативноста. Затоа што економско социјалниот совет, денеска важи овој закон, важел неколку години и според тој закон вели вака: дејноста на економоско социјалниот совет се темели на потребата за тристрана соработка меѓу Владата на Република Македонија, синдикатите и здруженијата на работодавачи итн. Според овој закон кој е важечки обврска на министерот е овој закон да вели: дава мислења по предлози на закони од речиси сите области, труд и социјална политика, колективни договори, усогласена политика на цени и плати итн. Огромни овластувања. И во Македонија можно е неколку години ова никој да не го почитува. Не знам што се случувало ниту пак мислам дека е добро да се враќаме сега во историја кој одлучил, кој се бунел, зошто не се свикал порепрезентативно економоско социјалниот совет. Јас знам тоа врз искуството на Националниот совет. Кога го формиравме Националниот совет во одлуката на Собранието ништо не беше претерано прецизно. И кажав нека имаме претставници на синдикатите и коморите. На синдикатот и коморите. Дури и не се сеќавам каква беше. И се отвори прашањето кој и како претседател на советот одлучив сите кои што имаат некаков тип на организирање да бидат поканети па од нив да зависи дали ќе учествуваат или не. И никој не се побуни. Што е право, право е. И мислам дека досега и соработката помеѓу нив на седници на советот била добра. Затоа наместо да го менуваме законот, дајте да се договориме да го

подразбираме по правило дека законите кога се напишани и усвоени ќе ги почитуваме. Инаку, ако пред три години не функционира економоско социјалниот совет, јас не знам зошто Владата уште пред три години не ни достави предлог за измена во кој ќе ги избрише членот 247 и 246 и ќе каже се додека не се реши прашањето на репрезентативност нема економоско социјалени совет. Бидејќи јас си го поставувам прашањето која е гаранцијата дури и кога ќе се воведе репрезентативноста дека ова ќе функционира. Но принципиелното прашање овдека е дали не создаваме конфликт на интереси од следнава причина. Значи поентата на економско социјалниот совет е Владата да мора да преговара со уште два партнера. Работодавачи, еве синдикати без разлика како ќе ги крстите, поентата е тие да бидат во партнерски односи. Да не бидат во односи на подреден и потчинет. Се прашувам дали Синдикатот и работодавачите можат да бидат слободни и во улога на партнери ако нивното учество на економскиот совет зависи од потпис на министерот, истиот министер со кој ќе треба на равна нога да преговараат и понекогаш да влезат и во сериозни конфронтации. Значи во ниедна друга област не дозволуваме од една страна да бидете рамноправни партнери а од другата страна јас да зависам од вашиот потпис или вие од мојот. Значи проблемот во решенијата во делот на синдикалното организирање е што премногу моќ поставуваме во рацете на министерот. Години викаме дека овластувањата на министрите треба да се намалат, на овој начин ги зголемуваме. И притоа овозможуваме министерот да си ги бира партнерите. Верувајте можеби во еден момент на една партија на еден синдикат на една организација на работодавачи тоа ќе им одговара. Ќе се сменат работите. Што правиме тогаш? Ќе дојде некој друг министер кој ќе си ги донесе своите миленичиња. Тоа е систем кој ќе наоѓа илјада и една бирократска причина да не се дозволи регистрација, да се оспори одредена репрезентативност итн. И последниот коментар јас сеуште стојам на ставот дека со овој закон се задира и се одземаат и се намалуваат или пак не се бранат работничките права и ќе ви дадам само 4 примери.

Првиот пример во членот 122 новиот 122-А каде што се предвидува скратено работно време за особено тешка напорна и штетна работа. Дали не сметате дека задача на Синдикатот е да инсистира и на сите нас да инсистира дека во овој член ако веќе сме воделе сметка за играорците и балетските уметници дека треба да ги заштитиме текстилни работници кои работат на

над 40 степени температура цел работен ден и оние градежни работници кои на 40 степени на сонце и повеќе исто така работат цел ден.

08/1.- НН/ЕД

**Радмила Шекеринска: (продолжение)**

Тоа мислам дека е проблем на права на работникот.

Вториот проблем во законот е во истиот член понатаму, барање за да имате скратено работно време може да ви побара само работодавачот и само за покранување на постапка само работната организација.

Ако е точно, никој не го демантираше дека 60 илјади фирми работат без синдикална организација ова значи дека такво барање за скратено работно време никогаш нема да се поднесе освен таму каде што работодавачот ќе биде добар, ќе биде хуман па ќе го побара. Врз база на искуствата кои што сме ги имале досега јас не би сакала да сметам на хуманоста, повеќе би сакала да сметам на законот.

Третата работа е онаа што ја споменав, а сега од Министерството ќе ни ја дообјаснат незнам како можеме да дадеме зелено светло за закон во кој што не стои дека Владата мора да си го почитува колективниот договор во јавниот сектор. Да не го видев другото напишано ќе речев дека се подразбира, ама ако стои во законот дека работникот мора да го почитува колективниот договор, приватната фирма, приватниот работодавач мора да го почитува колективниот договор јас не знам зошто ние на Владата и даваме одврзани раце што да прави и колку сака.

Четвртото и последно, голем број на оние вработени во текстилната индустрија кои што работаат до 6 часа во текот на денот, бидејќи со овој закон исчезнува обврска за пауза од половина час. И тоа се променува со овој закон и не би сакала да дискутирам и тоа дека е намалување на работничките права, а притоа некако поминува многу лесно, без да дискутираме за тоа дали е во ред или не е во ред.

Ви благодарам на вниманието, благодарам.

Повелете господине Трајанов.

**Стојан Трајанов:**

Благодарам госпоѓо претседателке.

Јас ќе се потрудам да се осврнам на неколку прашања кои што беа покренати во текот на денешната расправа, меѓутоа најпрво би сакал да укажам дека денеска расправата се водеше во две насоки, односно во однос

на два различни проекти. Велам два различни проекти заради тоа што денеска на расправа е Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи и поголем дел од прашањата на дискусијата беа насочени кон прашањата поврзани со усогласувањето на неговите одредби со директивата на Европската унија, иако како што истакна и претседателката ние денеска разговараме за еден посебен закон во рамки на кој што правиме хармонизација со една од директивите на Европската унија, а тоа е директивата во врска со работните одредби.

Како што истакнав на почетокот една од причините за тоа беше затоа што го правиме само со таа директива заради тоа што имаме обврска, рок во кој што треба да го усогласиме законот со конкретната директива на Европската унија од една страна.

Вториот дел од повеќето прашања се однесуваа на прашања врзани со критериумите за репрезентативност, начинот на утврдување на репрезентативност итн.

За жал повеќе време беше посветено на прашањата поврзани со твининг проектот и морам да истакнам дека е тоа е посебен проект и ние во рамките на овој закон не правиме усогласување соодветно на потребите, барањата и препораките кои се врзани со твининг проектот, бидејќи твининг проектот трае до 14 септември. На 14 септември ние ќе добиеме збирен извештај во рамките на проектот, ќе ги добиеме нивните препораки и соодветно после на тоа ќе се види како понатаму ќе тече понатамошниот процес на хармонизација на целото трудово законодавство со сите директиви на Европската унија, бидејќи трудовото законодавство не го сочинува само Законот за работни односи, туку имаме поголем број на закони и на колективни договори, а само во рамките на твиниг проектот беа опфатени околу 5-6 законски проекти за кои посебно ќе имаме препораки, коментари од страна на експертите кои беа ангажирани во рамките на твиниг проектот.

Желбата и намерата на сите нас е што е можно да обезбедиме побрза, но и подобра и поквалитетна хармонизација на нашето законодавство. Токму од тие причини ние побаравме техничка експертска помош од страна на Европската комисија која што ни беше дадена во рамките на овој проект. Ние ќе ги почитуваме сите тие препораки, она како што сознание и искуство го стекнаа сите луѓе кои што беа вклучени во рамките на имплементацијата на проектот. Ова го велам заради тоа што за секој закон беше формирана

посебна работна група во која што беа вклучени претставници од страна на сите социјални партнери и органи на инситуции и луѓе кои што работат на следењето и спроведувањето на конкретната проблематика поврзана со конкретни законски проекти.

Во меѓувреме целта беше да се направат и кореспodentни табели. Истовремено истите додека трае проектот да бидат доставени за коментари до Европската комисија за да можеме ние додека трае проектот, до финалниот извештај да ги добиеме и коментарите од Европската унија за секоја кореподентна табела, за секој од законите кои што беа опфатени со проектот.

Обврската е завршена, кореспodentни табели се направени и преку нашиот Секретаријат за европски прашања, истите се доставени за коментари до Европската комисија, меѓутоа ние се уште ги немаме нивните повратни коментари. Откако ќе ги добиеме нивните коментари ние ќе видиме дали, каде, кој пропис, во кој дел треба да се транспонира одредена директива, имаат ли некои други конкретни забелешки освен она што е опфатено и е содржано и како препораки што е дадено до експертите кои што беа вклучени во твининг проектот и на тој начин ќе дојдеме до побрзи законски решенија кои што ќе бидат во целост усогласени со законскиот проект. Во моментот не се прави со овој закон бидејќи измената се однесува само на една директива која што се однесува на извесните аспекти на работно време.

Дури индиректно таа директива не е обврска целосно да се уреди и да се хармонизира само со овој закон бидејќи во истата има одредби кои што се однесуваат на работно време и на просветни работници и на работници во железничкиот сообраќај, така да ќе треба соодветни промени, дополнувања и за нејзино усогласување да се прават со соодветните законски прописи.

На почетокот пропуштив да кажам дека Законот за работни односи е многу значаен закон, меѓутоа тој мора да се гледа во толкувањата и во примената малку пошироко, бидејќи тој во основа не е ниту закон за синдикати, ниту само закон за работници, ниту само закон за работодавци заради тоа што тој закон во кој што се утврдуваат права и обврски има три различни спротивставени страни со спротивставени интереси - работодавците, работниците, државата и пошироко. Затоа тој во основа треба да биде една рамка, еден баланс кој ќе одговара и ќе ги артикулира тие заеднички права и интереси, се разбира во рамките на основот која што е

дадена веќе и во конвенцијата на меѓународната организација на трудот, а сега уште повеќе и во повеќето директиви на Европската унија. Ние ако со овие активности и со овие измени на законот, уште повеќе и со наредните усогласувања на законот обезбедиме што е можно побрзо усогласување односно транспонирање на сите директиви на Европската унија тоа значи ќе бидеме побрзо до едно законодавство кое ќе кореспондира со европското законодавство.

Ние ова не го правиме дека сме изразиле желба заради промена на законот да имаме, ова го правиме заради тоа што имаме обврски. Јас ќе прочитам само еден краток заклучок во врска со поглавје 19 од Извештајот за напредокот во 2008 година каде што на страница 42 е кажано "додека соодветно не се определат критериумите од трудовото право, соодветно не се изменат нема да биде можно да се обезбеди функционален и репрезентативен социјален дијалог".

Имавме досега безброј средби и состаноци со синдикати, со здруженија на работници, со сите и заедно со претставници на Меѓународни организации на трудот и со претставници со Европската комисија од Директоратот за вработување луѓето многу беа децидни, јасни и конкретни. Не ги почнувајте работите одназад, почнете ги од обратно, во обратен процес. Дајте прво усогласете го законодавството во делот на репрезентативноста, утврдете си критериуми, завршете го процесот за да може тие социјални партнери и понатаму да продолжат и да бидат вклучени во сите останати проекти и во сверата на трудовото законодавство. "Како што го правевте", така беа зборовите "во рамките на твининг проектот врзан со подготовката и усвојувањето на националната стратегија за вработување, како што направивте со националниот план за вработување", со спроведување на твининг проектот за локални акциони планови за вработување истото треба да го правите и понатаму. За тие претпоставки и нормативно правни да ги имате треба да го направите тоа. Ако сами не можете, ви стоиме на располагање, ви ја нудиме нашата поддршка и помош. Тоа го направија луѓето. Имавме три посебни работилници посветени на сите конвенции на Маѓународната организација на трудот, на сите директиви на кои што се однесуваат на тие прашања. Посебно беа презентирани моделите и искуствата на критериуми за репрезентативност во останатите земји со цел да ни помогнат и да го забрзат процесот да си дефинираме модел. Заедно

после тоа пак следеа една серија на состаноци. Соодветно на тоа дојдовме на дефинирање на тој модел. Отворено сакам да кажам дека ние немаме забелешки на текстот кој што се однесува и на критериумите за репрезентативност и на процедурата од страна на Маѓународната организација на трудот, немаме забелешки од Европската комисија со укажување дека дополнително ќе ги доставиме коментарите по однос на кореcподентните табели што ги доставивме за твининг проектот. Ако евентуално има и по однос на тоа и тоа ќе го почитуваме. Ние немаме избор. Наша обврска е да го усогласиме нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Прашањето е само дали, како, колку ние самите можеме да си помогнеме тој процес да биде пробрз, полесен, и што е можно побрзо и поцелосно тие директиви да ги транспонираме во нашето законодавство. Сите сугестии и забелешки и од денешната расправа и препораките што ги имавме во текот на изминатите два дена во рамките на другите комисии кои што се во оваа насока значат тоа и нема причина да не ги земаме предвид. Законот се прави заради негова примена, не само за да имаме правна рамка и регулатива која што ќе регулира одредени прашања. Притоа да имаме предвид една работа. Овој закон не ги регулира сите прашања од областа на работните односи. Имаме 7-8 закони што постојат сега и тие закони треба да бидат во рамките на овој проект.

За колективното договарање не може да отпочне ако ние претходно не ја завршиме оваа фаза на усогласување на законодавството, така да се работи навистина за една широка, комплекс за која мора да имаме еден таков приод, пристап ако сакаме навреме да одговориме на обврските. За жал, понекогаш и ние имаме проблеми бидејќи многу ни се кратки роковите во кои што треба да постапиме од аспект на конкретно усогласување со одредени било директиви, било конвенции итн. Па, ние само одкога ја почнавме работата со твининг проектот веќе имаме ситуација каде што се донесени неколку нови директиви, односно ревидирани неколку директиви кои што се врзани со прописите кои што беа опфатени со твининг проектот.

Понатаму, уште на неколку прашања сакам да се осврнам, кои што неколку пати беа потенцирани. Тоа е одредбата за членот 122 за скратено работно време.

Одредбата за скратено работно време не е нова одредба. Таа постои во нашето законодавство наназад сигурно 20 години, колку што јас паметам и

одредбата што сега е ставена во законот е истата одредба преземена од колективните договори. Зошто тоа го правиме? Тоа го правиме, ја подигаме на ранг, на ниво, на одредба за да можеме да обезбедиме нејзина примена и кај оние работодавци кои што не се потписници на колективни договори, не пристапиле на одреден колективен договор, не се членови итн., за да овозможиме нејзина примена.

Процедурата на скратено работно време исто не може да се даде скратено работно време без претходно да се направи елаборат. Елаборатот и порано и сега е предвидено да го прави овластена институциија за медицина на трудот со обезбедување на посебно мислење на инспекцијата на трудот за задолженост за безбедност и здравје при работа. Ако работодавачот не го бара тоа, или работниците не го покренат тоа прашање имаме одредби, во измените е кажано дека инспекцијата на трудот е должна тоа да го направи по основ на вршењето на инспекцискиот надзор.

Понатаму Владата не ја утврдува неколку пати репрезентативноста. Критериумите се многу конкретни и јасни. Никој не само тој состав на комисијата и друг, министерот го донесува решението. Решението и досега го донесувал министерот за труд и за упис во регистарот и за здружение на работодавци и здружението на синдикат. Ние немаме забелешки по однос на тоа прашање и од аспект на водењето на регистрите и на критериумите. Затоа се обезбедени неколку нивоа на заштита со цел да нема евентуални злоупотреби, а и не може да има бидејќи конкретни се критериумите. При секое поднесување на барање, секој субјект што ќе го поднесе тој си презентира своја документација, тој учествува во презентирањето на состојбата и врз основа на документацијата што тој самиот ќе си ја даде. Нема кој што да промени, бидејќи може да промени и ако промени тоа ќе се обезбеди во рамките на останатиот механизам што е предвиден.

Понатаму, добро е мислам кога читаме или интерпретираме одредени одредби да се гледа во целина целатата конкретна законска одредба. Само ќе споменам за одредбата која што беше спомената околу пријавата за задолжително социјално осигурување. Па таа одредба од законот има седум става. Ние менува само неколку збора во еден од ствовите. Што значи ниту се менува ниту ќе се укинува пријавата за задолжително социјално осигурување.

Уште појака е одредбата што е останата не се менува во ставот 7 во истиот член  кај што вели дека работникот не може да стапи на работа пред

да склучи договор за вработување и пред да биде пријавен во задолжително социјално осигурување. Ова што се прави, се прави на барање на инспекцијата на трудот. Конкретно зошто? Еве кои се причините и укажувањата од нивна страна. Вели: наоѓаме потпишани договори за вработување, меѓутоа наоѓаме случаи кај што луѓето не се пријавени во социјалното осигурување. Може инспекторот, имајќи го во предвид бројот на инспектори и бројот на субјкети да дојде по две ипол години, месец, два-три, кај одредени работодавачи. Во тој случај работниците ќе бидат оштетени ако не им се плаќаат придонесите за социјалното осигурување. Се сеќавате ние дојдовме во еден период пред седум осиум години каде што на 50-60 илјади луѓе не им беа платени придонесите за социјалното осигурување. Затоа му велиме, останува и ќе остане одредбата. Не може да стапи на работа пред да биде пријавен во социјално осигурување. Останува одредбата исто дека е он должен да му даде на работникот и пријава на барање дека е пријавен во задолжително социјално осигурување. Се променија знаеме пред извесно време начинот на пријавувањето по електронски пат. Меѓутоа, ако зборуваме од една страна се во право кога зборат претставниците на синдикатот од аспект на заштита на правата на синдикатите, од аспект по однос на истото прашање се слушаат дискусии од страна на одделни работодавачи ќе видите дека мислењата се сосема поинакви. Така да, затоа мислам дека е добро во целина да ги имаме предвид и да ги гледаме и толкуваме одредбите, секаде онаму што го имаме како сознаниски успех, позитивно или негативни во примената на законот, тоа е добро и во интерес е на сите тие решенија да бидат ревидирани, подобрени, прилагодени или да се вградат некои подобри искуства во практиката и од другите земји. Не сме против тоа. Зошто тоа е во интерес на сите.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Пред да ја затворам дискусијата ќе ве замолам доколу Министерството за труд и социјална политика го добие мислењето од страна на Европската комисија тоа да биде испратено до учесниците на јавната расправа, само една сугестија. Мислам дека Министерството и Владата треба да бидат свесни дека Европската комисија не е наш сервис па ние да им пуштиме закони и само да чекаме нивно мислење и притоа да го користиме барањето да ни дадат мислење како покритие за законот сега.

Колку што гледам во пратката законот бил усвоен на Влада во почетокот на август, 4 август. Му требало 16 дена за да стигне во Собранието и да биде примен во архива. Претпоставувам дека исто толку време му требало да стигне и до Брисел. Во август Комисијата не работи. Така што однапред Владата била свесна дека извештајот, односно мислење од Комисијата пред да го усвоиме законот нема да добие. И мислам дека не е во ред тоа да се користи како аргумент, или ако го користиме да кажеме дека тоа мислење ќе го искористиме следниот пат кога ќе го менуваме законот и тоа мислам дека е коректна сугестија ако го добиеме мислењето, Затоа би сакала да замолам бидејќи очигледно Владата ќе продолжи да го менува Законот за работни односи, доколку ги добиваме овие мислења од страна на Европската комисија па расправата да ни биде и поконцентрирана.

Ви благодарам на сите вас за учеството и се гледаме во текот на следната недела. Благодарам.

Советот заврши со работа во 13,46 часот.